СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото Продолжение на Триесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 февруари1996 година

Скопје, февруари1996 година

**ДИСКУТАНТИ ОД ПРВОТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 39-ТА СЕДНИЦА НА ООБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 22 ФЕВРУАРИ 1996 г.**

ИЗБОР НА НОВА ВЛАДА

1. АБДИ ФАИК – 59
2. АНДОВ СТОЈАН - 74, 75, 103
3. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 122
4. ВАНГЕЛОВ АТАНАС - 105, 110
5. ДИМОВ ЛАЗАР - 50
6. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 62, 68
7. ЃЕОЃОЕВ  ДРАГАН - 12, 50, 52
8. КАРОВ ЗВОНКО - 1
9. КООТЛАР МАРЈАН - 28
10. ЛАЗАРОВ ЈОВАН -1 26
11. МИНОВ ПАНЧЕ - 41, 50
12. МИТРЕВА ИЛИНКА - 75, 76
15. НАУМОВСКИ СЛАВЕ - 79
14. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 105, 105
15. ОСМАНИ РУФИ - 61
16. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 14, 18
17. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 35, 41
18. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 74, 75
19. ПРУСИ АБДУРАУФ - 118, 120
20. РАМАДАНИ САЛИ - 86, 89, 95, 101
21. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 76
22. СТОЈАНОВОКИ БЛАГОЈА - 71
25. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 21, 25
24. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 128
25. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 151
26. ТАИРИ МЕВЉАН - 51
27. ТАЛИМЏИОСКИ ЛАЗТАР – 6, 9
28. ТУДА РАМИ - 10
29. ТАИРИ МЕВЉАН - 51
50. ФИЛИПОВСКИ БЛАГОЈА - 112
51. ЧАДИКОВСКИ ЉУБОМИР - 84

седницата продолжува

I/1.- НН/ЉР

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**Од првото продолжение на Триесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 февруари 1996 година**

Седницата продолжи со работа во Собранието на Република Македонија, сала I со почеток во 10,20 часот.

Со продолжението на седницата раководеше Стојан Андов претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците: Зоран Шапуриќ, Драган Митевски и Димче Наствовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваа мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес.

Има збор г-ѓа Митрева

(Моментално не е тука)

Има збор -г-дин Звонко Каров

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо, Предлогот за составен на новата Влада содржи 14 промени на нејзини членови или ресори. Заедно со листата на новите 15 заменици министри ова е најопсежна промена во Владата во целиот период на пвоекепартсикиот систем во нашата земја. И покрај тоа во експозето на премиерот не видовме да се предложи програма, туку извлекување на глобални цели и насоки за работа на Владата извлечени од изборната Платформа на

Сојузот за Македонија. Ова се надоврзува и на фактот дека досегашната Влада работеше без сопствена програма иако беше составена од различни партии кои,.го сочинуваат Сојузот за Македонија и пошироко коалицијата со ПДП. Во една таква ситуација фактички делувањето на Владата беше спонтано, а секој член на Владата на начин работеше како што сметаше дека е според него и за него најдобро. Честопати во јавноста секоја година беа присутни изјави дека Владата има годишна програма за работа, изјави од премиерот и членовите на Владата од Социјал демократскиот сојуз мислејќи на Макроекономската политика и на Програмата за прописи, кои треба да ги подготват.

Таквите документи како што знаеме, фактички ги подготвува државната администрација која што во рамките на своите надлежности утврдени со закон и тие суштествено се разликуваат од Програмата за работа на Владата и секое такво изедначување укажува на немање волја и спремност, или на неспособност на Владата да се изготви целосна програма за свое делување.

Спонтано делување на досегашната Влада се огледа и од настапите во преговорите со меѓународните финансиски институции, Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка.

Имено, во сите досегашни разговори и преговори освен при првата мисија на Меѓународниот монетарен фонд за склучување на Стен бај аранжман немаше платформа за делување на Владината делегација во преговорите и честопати се делуваше како раштиман оркестар. При вакви услови наместо да се има активна улога во преговорите со изградена сопствена економска политика нашата делегација честопати имаше дефанзивна улога во отсуство да понуди сопствени мерки во градењето на економската политика, а најчесто ги прифаќаше мерките што ги нудеа претставниците на Меѓународниот монетарен фонд и

I/2.-

Светската банка. Затоа дами и господа образложението на законите и настапите на владините претставници секогаш започнуваа или укажуваа на,"божем" фактот дека тоа го бараат претставниците на меѓународните финансиски институции, Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка.

Ова, уште повеќе укажува на фактот дека Владата не само што немала програма за работа, туку не водела ни сопствена економска политика, а последиците се гледаат во сегашната состојба на стопанството, банкарството, нестопанскиот сектор и воопшто состојбата и расположението кај граѓаните.

Со оглед на ова и покрај барањето на пратениците за овие 14 месеци Владата досега нема подготвено и доставено до Собранието ниту еден извештај за текот на преговорите со Мисијата на Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка, ниту пак е кажано со Парискиот клуб на кредитори каде ги договара условите и роковите за репрограмираше и рефинансирање на старите долгови.

Кога сме кај странските долгови сакам да потсетам дека досегашната влада речиси и не се разликува со новите задолжувања во странство од Извршниот совет на СКС Југославија. Имено, оваа Владата нема никаква стратегија за ново задолжување во странство, нема целосни сознанија за досега издадените гаранции ниту пак се знае точно колку има вкупно преземено кредити, странски и домашни кои треба да се сервисираат преку државниот буџет.

Сметам дека задолжувањата и сега се направени за инфраструктурни и непрофитабилни инвестициони проекти. Секако и овие проекти има значење, не се без основа, меѓутоа, за програми кои нема во скоро време да донесат доволно девизни приходи за земјата со кои ќе се обезбеди девизи за уредно сервисирање на идните обврски.

Оттука оправдани се сомневањата кај стопанствениците, стручните луѓе и воопшто во јавноста дека со ваквите задолжувања во странство може после неколку години да доведе до уште потешка положба од сегашната која ќе биде резултат на спонтано задолжување со обем кој не ќе може да биде сервисиран со девизните приходи од извод и според сектори бидејќи кредитите се насочуваат во претпријатија каде што не може да се оствари девизен ефект и се насочуваат во претпријатија кои не се извозно активни. Па, Господ нека ни биде на помош и на нас и на идните генерации. Секако негативен одраз врз економските и социјалните состојби во нашата земја и уште една карактеристика во работењето на сегашната Влада.

Се работење доста бавно поради што голем број на законски проекти, чии што раководители беа членовите на Социјал демократскиот сојуз веќе три години, а некои уште од Експертска влада не се донесени. Станува збор за системски закони, суштествени за организационо преструктуирање, а тоа се Законот за трговски друштва, Законот за јавни претпријатија, Законот за јавни установи, Законот за државна управа, за Владата, Законот за денационализација, и Законот за царинска тарифа.

Кога сме веќе овде, треба да се изнесе фактот дека министрите во сегашната Влада или не си ги знаеја надлежностите или некои од нив потрчуваа да влезат во надлежноста на други свои колеги во ресорите. Како може да се разбере фактот што измените на Законот за претпријатијата и Законот за трговските друштва се подготвувани и координирани од министерот за финансии наместо да се грижи Ресорното министерство за стопанство. Или пак проектот 39. измените на Законот за државната Управа кој не го прифати Собранието го раководеше министерот за стопанство, наместо тоа да би било во надлежност на министерот за правда. Законот за јавни претпријатија

I/5.-

даден во Министерството за развој, а Законот за јавните служби односно општествените дејности откако прво беше даден во Министерството за труд сега воопшто не се знае во чија надлежност треба да биде.

Уште поактуелно е,што велат нашите граѓани, потазе случајот со организирањето на форумот на стратегија за развојот на РМ кој беше даден на министерот за финансии со што е ставено во поодредена улога, или изолирано Министерството за развој на кое основната надлежност, ако што покажува и неговото име е развојот, а не надлежност или задача да подготвува Буџет на државата.

Кога сме овде, исто така треба да се потенцира доста важна, би рекол исклучителна важна работа која не отсликува во нашиот однос према странство.

Од организационата поставеност и одлучувањето во користењето и распределбата на странската помош. Овде може да се каже дека во овој Сектор положбата е хаотична. Помош од странство договара секој во владата, дури и без да знае Министерството за внатрешни работи и министерот каде што има посебна организациона единица за тоа. Како што знаеме национален координатор за помошта е министерот за наука, а главен предлагач на проектите и носител на работата, товарот на министерот на Министерството за развој.

Често пати апелите и препораките до Владата, дури и од странските институции и од Светската банка да ги среди работите со економската и хуманитарната помош, да се утврди точна, рационална ефикасна организација тоа досега не само што не е направено, туку се избегнува да се седне и да се разговара за тоа прашање.

I/6.-

Упорното инсистирање на министрите либерали во Владата на скоро секоја седница да се средат и договорат овие прашања не беше прифатено. Најчесто одлагани без образложение, а во јавноста се прикажуваше како наводни опструкции во работата на Владата.

Доколку имаше владина програма која неслучајно и со Уставот се бара сигурно до ваква состојба немаше да дојде. Сега, ние пратениците сме исправени пред фактот пак без Владина програма, а со сосема нова политичка композиција на Владата да гласаме за предлогот на премиерот Бранко Црвенковски. Гласајќи за тој предлог ја симнуваме одговорноста на премиерот, а ја преземаме на себе.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Димов

(Засега не е тука)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Петар Талимџиоски

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:**

Дами и г-да пратеници,

Поаѓајќи од основните принципи на договорност при разрешување на одделни носители на јавни функции сакам да го изнесам следното. Посебно, иако генерално ова се однесува на сите предложени кандидати за разрешување јас ќе се задржам на нашето земјоделство и за се она што сметам дека Министерството за земјоделие и Аграрот го има поставено и го има дадено.

Постоечката Влада, а пред се новоизбраниот министер за земјоделие со стапувањето на должност затекна бројни и наследни и тековни проблеми. Пред се тоа се состоеше во преземените и неисплатените обврски за откупените количини на пченица, шеќерна

репа, сончоглед, тутун, итн. Потоа, во услови на ембарго беше спречен пласманот на ранограниданрските култури. Во такви услови основи предуслов за започнување на програмираше на активностите беше исплатата на преземените количини, бидејќи никој не може да очекува производителот да произведува а да не му се исплати производството од минатата година. Во функција на тоа беше остварувањето на зелениот коридор за побрз проток на стоката на граничните премини.

На сите ни е познато дека во Македонија долго отсуствуваше концептот за развој на Агрокомплексот. Воопшто беше согласно дека има потреба од темелна реформа на аграрот. Во овој правец за прв пат некој се зафати со разработка на тема кој треба да бидат основна стратегија за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и за периодот од 1995 до 2010-тат година. За апсурдот да биде поголем Владата на 6.III.1995 година ја усвои предложената содржина и го задолжи Министерството да изготви стратегија. Стратегијата беше изготвена во соработка со претставници на надлежните научни и високо образовни институции, претставници на Светската банка ФАО и други. Истата стратегија Владата ја усвои и како материјал кој ќе послужи за подготвување на стратегијата за развој на стопанството. Можеби некој смета со земање на идеја работата е завршена и може секој да ја спроведува, а притоа заборава дека човечкиот потенцијал е најбитен за спроведување на одредени идеи. Ова ме наведува да размислувам дека премиерот и додели членови на Владата не занеле што усвојуваат, или пак не можеа да избегаат од своите партиски стратегии се одлучи на менување на министрите кои имаат идеи и програм но лично не го задолжиле премиерот.

Слично на ова, поинаку и не можам да го протолкувам и однесувањето на министерот за образование, г-ѓа Симовска, која беше носител на законите за основно и средно образование, за прв пат и

Законот за спорт е донесен во нашата земја. На Македонското земјоделство во овој момент му беше потребна меѓународна финансиска помош. Тоа е обезбедено преку одобрение на 6,5 милиони германски марки од Германија преку организацијата на ГТЗ. од ФАО во организацијата на ИФАТ . Дефиниран е проектот за ревитализација на селото во источниот и јужниот регион на РМ. Тој предвидува некаде околу 10 милиони долари. Преку Светската банка подготвена е кредитна линија во износ од 19,4 милиони долари, кој кредит е во завршна фаза. На тој план и воопшто на планот на законската регулатива подготвени се и се наоѓаат во владина, а пред се собраниска процедура следните закони: Законот за трансформација на земјоделските задруги кои стопанисуваат со земјоделско земјиште; Законот за лов, Законот за шумите, Законот за водите, Законот за тутунот, Законот за ветеринарството, Закон за семе и саден материјал. За сите овие закони се градеше концепција за нивна содржина и приемна во услови на пазарна економија и доминанта правна сопственост со јасна диференцирана улога на државата во користењето и управувањето на природните богатства и добра од општа употреба.

Во тек се активностите и на останатите законски регулативи што треба да се подготвуваат и донесуваат согласно програмата за работа на Владата и Собранието на РМ за 1996 година.

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:** (Продолжение)

Разрешување на тековните и развојните проблеми неминовно наметнуваат и билатерални контакти со соседните и другите држави. На билатерален план воспоставена е соработка со Холандија, со што е потпишан меморандумот за разбирање и соработка од областа на земјоделството. Сојузна Република Германија проект за помош во водостопанството. Албанија соработка во областа на водостопанството, ветеринарството и фито заштитата. Со Хрватска е потпишана спогодба за соработка во областа на водостопанството. Република Полска за месец април договорено е потпишување спогодба за соработка во областа на земјоделството особено од аспект на пласман на земјоделските производи на Република Македонија и Република Полска. Со Израел исто така е потпишана спогодба од областа на водостопанството и посебна помош на научна и техничка соработка.

Со досега изнесеното не можам да кажам дека не постојат проблеми во земјоделското производство, туку напротив да го лоцирам местото и причините за катастрофалната состојба во оваа сфера.

Од погоре изнесеното се гледа дека во Министерството за земјоделие се преземени чекори за поставување на основите за развој на аграрот, но отсуствуваат и други попратни елементи кои се во надлежност на други министерства. Не можам да го обвинувам ова Министерство за големите давачки кои ги плаќаат земјоделците. Ова Министерство бараше да се ослободат приватните земјоделци од плаќање на данок на промет на резервни делови на земјоделски машини. Не можеме за високите цени на нафтата која ја користат земјоделците и нејзините оптоварувања со акцизи да го обвинуваме Министерството за земјоделие. Од страна на ова Министерство беше укажано дека доколку

се укине премијата на пченицата дека производството на оваа земјоделска култура ќе биде до- ведена во прашање. Овој предлог беше одбиен од министерот за финансии со образложение дека ММФ и Светската банка не дозволуваат премии во земјоделството.

Почитувани пратеници, моето излагање опфаќа само еден сегмент кој оди во прилог на општото залагање дека разрешувањето на министрите и неуспешноста во реконструкција на Владата требаше да се заснива на претходна анализа од која точно ќе се види како ги извршувале своите задачи и врз основа на аргументи ќе се добие во квалитет во надминување на постојната состојба.

Затоа ценам како член на Либералната партија јас не го поддржувам премиерот и овие промени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Туда.

**РАМИ ТУДА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во услови кога нашиот граѓанин не е во состојба од материјален аспект да го поврзе првиот со последниот ден од месецот се води борба за политичка власт, за економска доминација и за друга власт. ВО услови кога бројот на невработените секој ден се зголемува, а младите квалификувани кадри со години чекаат работа, кога многубројни фабрики, претпријатија се во стечај, кога многу фамилии живеат од социјална помош, кога сиромаштијата секој ден влегува на вратите на нашите граѓани ние реконструираме и новокомпонираме влада. Ова наше време е чудно време, бидејќи креира и чудни правила на игра. Наместо да се најдат најдобри решенија и да се ангажираме за општите интереси на граѓаните

на Македонија за нивна среќа и благосостојба се води борба за индивидуална среќа и за интереси на поедини партии, тоа е борба за фотелја. Тоа се крајните цели на нашите љубители на власта. Интересен е фактот дека протагонистите на таа политика зборуваат во името на народот, во името на демократијата во името на плурализмот. Јас се плашам од плурализмот на невистините од плурализмот, на деструкцијата. Не знам до кога индивидуалниот, групниот и партискиот интерес ќе го ставаме над општиот интерес. До кога индиферентно ќе се однесуваме пред несреќата на невработените, пред работниците што штрајкуваат, пред младите луѓе, пред граѓанинот што ја има судбината на Јан Палах.

По мое мислење новата Влада нема да донесе нешто ново за граѓаните на Македонија ниту пак за Албанците особено кога знаеме кои се позициите на мандаторот по однос на колективните права на Албанците, а посебно негативниот став кон високото образование на албански јазик. Новата влада со ваква структура не може да ги надмине сложените проблеми, економските проблеми, социјалните проблеми, образовните проблеми, правните проблеми и друго.

Јас како пратеник на Парламентарната група на Партијата за демократски просперитет на Албанците и Народната демократска партија не можам да гласам за Влада која досега не докажа дека има добра волја за решавање барем за еден од основните проблеми на албанците во Македонија. Како што е на пример институционализирањето на Тетовскиот универзитет. Досегашната влада не докажа дека не е антиалбанска. Напротив, изгледа дека новата влада нема искрена намера да ги решава проблемите за кои се преокупирани сите граѓани на Република Македонија, што значи во прашање се индивидуалните, групните, еднопартиските интереси, би рекол се работи за коалиција на старите и новите комунисти. За жал и Партијата за демократски просперитет доволно се заангажира односно

поставува како услов неколку фотелји, односно една фотелја во новата Влада. Тоа значи дека оваа партија по трет пат влегува во нова коалиција без некоја платформа, без политичка програма заборавајќи ги интересите на својата популација.

Јас не можам да гласам спротивно на интересите на моите избирачи кои ги претставувам. Новата компонирана Влада не заслужува поддршка таа не гарантира добра иднина. Јас сум за нови предвремени парламентарни избори и за целосна нова влада за излез од ќорсокакот во кој се наоѓа Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ѓеоргиев.

**ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, по 15 месеци од конституирањето на новиот Парламент соодветно на тоа и новата Влада исправени сме пред можноста и потребата оваа Влада да биде реконструирана. Ништо необично ако се споредуваме со некои земји со развиена парламентарна демократија и со богата традиција на политичко живеење. Кај нас скепса со прилична доза на страв што ќе значи новата реконструирана Влада поготово ако се има во предвид фактот дека во неа ќе нема членови од коалициониот партнер - Либералната партија. Оттука почнуваат различните мислења, полемики, па и малверзации за и околу Владата. Коментарите се најразлични што е и логично за една повеќепартиска држава. Едни сметаат дека формирањето на новата влада значи дефинитивно напуштање на платформата на Сојузот за Македонија, дека предложените луѓе за состав на новата Влада немаат ништо заедничко со платформата на Сојузот за Македонија, туку работеле против неа, други дека народот се определил за платформата, а не за партиите, за Претседателот Глигоров, во кого гледаат гаранција за реализација на истата, трети дека

причината лежи во борбата на лидерите на одделни кланови за контрола на капиталот.

Не се за потценување и ставовите од типот како се создаваат коалициите така и се расформираат. Тука треба да се додаде и фактот дека беше време да се реконструира постоечката и создаде нова Влада која ќе ја преземе одговорноста за состојбите во земјата и дека таа треба да биде, пред се, одговорна и силна влада зад која ќе застане Парламентот и ќе ги носи сите ризици и успеси од своето владеење.

Без оглед на ставовите и мислењата во јавноста премиерот ја предложи листата на новиот кабинет за кој ние пратениците треба да се изјасниме. Парламентот е заправо место за судир на политички мислења каде ќе се направи анализа на едногодишното работење на Владата, а врз основа на истата јакнење на нејзината улога и ефикасност во остварувањето на програмските ветувања.

Поаѓајќи од сето тоа давам поддршка на луѓето избрани од страна на премиерот иако за одделни министри и заменици имам сопствено видување затоа што сметам дека новата влада нема да ги напушти програмските цели на партијата кои истовремено беа цели и задачи на изборната платформа. Убеден сум дека тоа треба и ќе биде сигурна и стабилна влада што ќе ги продолжи економските реформи и изградба на правна држава, ќе се залага за мир и стабилност на државата, за независност и меѓуетничко разбирање, за меѓународна афирмација на Македонија и продолжување на политиката на европска интеграција.

Постигнатите резултати во областа на инфлацијата, стабилноста на денарот, зголемите девизни резерви, регулирањето на обврските спрема меѓународните финансиски институции понатаму отпочнатиот процес на трансформација на општествениот капитал и санација на банкарскиот систем не треба да ги ставаат во втор план проблемите од

областа на аграрот, големата невработеност, реформите во државната администрација и пред се падот на општествениот производ, индустриското производство.

Донесувањето на одделни закони од областа на земјоделието Законот за води, Законот за тутун, Законот за царинска тарифа, за територијална поделба и слично се наметнуваат императивно. Сето тоа во одделни дискусии беше кажано и содржано во експозето на премиерот.

Произлегува дека огромен напор ќе треба да се направи за заживување на стопанството и посебно земјоделието каде проблемите ескалираат со сета своја тежина и жестокост. Започнатите економски реформи конечно ќе треба да ги дадат првите резултати и само така ќе се биде на висината на поставената задача и нема да биде изиграна довербата на граѓаните и нам пратениците. Остварувањето на тие и така поставени цели ќе ја оправда поставената потреба од реконструкција на Владата и ќе ни даде за право дека сме постапиле единствено можно и исправно во овој момент и дека новата Влада не е просто растурање на владеачката коалиција, измама на гласачите во фаза на изборите или судир на лидерите на партии, туку единствена можна алтернатива за надминување на состојбите во државата.

Новата влада на чело со премиерот можат и мора да го сторат во интерес на сите граѓани на Македонија. Поради сето тоа ја потврдувам мојата доверба кон изборот на новиот кабинет од премиерот Бранко Црвенковски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван премиер дами и господа министри,

II/7

Причините и целите на предложените промени на Владата на Република Македонија гледано крајно амбициозно можат да се барат во сите сфери на општествениот живот, но сметам дека во оваа прилика треба да се задржиме на неколку пункта кои главно ја исцртуваат политичката димензија на актуелната владина реконструкција.

Прво, верувам дека ќе се согласите со мене ако потсетам дека во изминатите 14 месеци функционирањето на постојната Влада се повеќе се трансформираше во облик на политичка влада со поделена политичка одговорност што создаваше атмосфера во Собранието дека единствено пратениците на СДСМ се должни да ги уважуваат и да ги усвојуваат законските проекти и одлуки што ги предлагаше Владата, а дека другите претставници особено Либералната партија можат и поинаку да се однесуваат, бидејќи нивните претставници во извршната власт немаат мандат партиски да учествуваат во креирањето на владината политика.

Воедно да потсетам дека ваквото однесување отпочна со воздржаноста при гласањето на втората влада на Бранко Црвенковски, а јазот уште повеќе се продлабочуваше кога резултатите од успешната меѓународна политика што ја креираше пред се Претседателот на Република Македонија почнаа да се редат едни по други, а внатрешно економските и социјални проблеми и состојби почнаа да се влошуваат и да добиваат приоритет на нивно побрзо решавање.

Со други зборови Либералната партија требаше да се ослободи во овој период од негативната контаминација од нараснатите влошени економски и социјални состојби кои, пред се, беа резултат на без алтернативниот концепт на длабоки економски и социјални реформи, а вешто да се прилепи на се она што се книжеше како позитивно салдо во вкупниот политички живот во Републиката. Тоа беше добро осмислена и проектирана позиција на Либералната партија за идните политички

борби и натпреварувања на пример какви што се наредните локални избори. Ваквата партиска дистанца на Либералната партија е пресметана изборна маркетиншка предност во однос на другите коалициони партнери во Владата. Оттука СДСМ како партија во целина се определи во оваа фаза да и предложи на јавноста нов состав со што ќе се обезбеди ефикасна и политички одговорна влада.

Тргнувајќи од тие два основни принципи се определивме за промени во Владата свесни дека тоа ќе предизвика одредени политички поместувања во досегашниот коалиционен состав на Владата и дека ќе биде проследено со отпори и политички проблеми. Конечно сепак оценивме дека тоа се помалку проблематични последици од останувањето на статус кво што резултираше со комотност и неефикасност во работењето и функционирањето на Владата пред се заради не прифаќањето на политичката одговорност на еден од коалиционите партнери.

Второ, СДСМ нема причина да не се приклучи кон оние сфаќања кои важат во развиените западни парламентарни држави дека политички- те партии мора да опстојуваат во секој тип на политичко уредување и да поседуваат внатрешни перформанси за опстанок во политичката сцена. Без разлика дали се наоѓаат во позиција или во опозиција. Притоа, програмската ориентација, социјалната заснованост, организационата поставеност и кадровскиот потенцијал на секоја политичка партија не се определби кои можат да се моделираат и приспособуваат од еден изборен циклус во друг или пак да зависат од типот на изборната или на пост изборната коалиција. Идентитетот и субјективитетот на парти- јата треба да се гради и негува при што не е исклучена можноста во одреден временски период тој да се забави и пригуши пред се заради остварувањето на повисоки државни и национални интереси за што барем досега СДСМ во изминатиот период особено во државотворната фаза на Република Македонија покажа висок

степен на разбирање и конструктивност притоа свесно одејќи против своите партиски интереси. Оттука, за нас СДС останува и натаму платформа со интегративна функција што пред се подразбира да не ги униформира неговите учесници или пак да мајоризира одредени политички партии во неговиот состав и со тоа да врши прагматична распределба на политичката моќ затоа уште еднаш по изборите 1994 година Владата беше составена со учество и на една друга политичка партија која не беше во составот на Сојузот. Меѓутоа заради глобалните државни интереси кои беа дефинирани и во изборната платформа на Сојузот беше вклучен уште еден политички партнер во Владата.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Според тоа, сегашниот коалиционен состав на Владата уште од самиот почеток не беше обична копија на составот на Сојузот за Македонија.

Трето, ние денес како партија, држава и луѓе, сме исправени пред една од најсериозните фази на развојот на нашето општество, а тоа се радикалните реформи во економскиот и политичко - правниот систем. Имено, процесот на вградувањето на се она што е запишано во Уставот, Законот и прописите во непосредната стварност или во секојдневниот живот на луѓето и во нивните меѓусебни односи, обично претставуваат најболни точки кај сите реформи од било кој вид, бидејќи непосредно навлегуваат или ги тангираат егзестенционалните интереси и статусни обележја на луѓето.

Проектите, како што се приватизацијата, преструктуирање и трансформација на загубарите, санација на банкарскиот и иновирање на даночниот систем, се болни, но неминовни процеси кои ја менуваат свеста, расположението и односот на луѓето кон нивните досегашни навики, вредности и погледи на животот.

Преземањето на вакви чекори, особено како партија на власт претставува голем предизвик за нејзиниот рејтинг и популарност, бидејќи последиците кои произлегуваат од ваквите радикални и реформски потези влијаат директно на расположението меѓу граѓаните и нашите гласачи. Уште повеќе што на почетокот бевме соочени со присутна резерва, особено кај меѓународниот фактор, дали една ваква политичка партија од социјалдемократска ориентација поседува политичка волја и спремност да се зафати и со вакви крупни реформски и општествени проекти. Но, без разлика на тој факт ние ќе бидеме почитувани и ќе ни се верува уште повеќе во она што го преземаме и го правиме само доколку истраеме непоколебливо на патот на реформите, доколку покажеме и

III/2.-

поголема одговорност и чувство за тешката социјална состојба на некои категории на население како што се пензионери, невработени, стечајни работници и други*. до колку законски и со други легитимни мерки ги дискредитираме и дестимулираме сите извори на илегално сиво или кримогено делување, наспроти соодветно стимулирање и валоризирање на трудот на сите луѓе од кои се бара да внесат реформски дух и решителност за законско и лојално работење, без разлика дали работат во стопанството, во државните органи, во судството, во образованието, во здравството, социјалата и слично. Овие прашања се важни бидејќи ќе не претстават како партија која и во најголемиот занес на спроведувањето на економските реформи не го заборават тој социјален сегмент, односно грижата за луѓето. Но, воедно, укажуваме дека одредена социјална цена мора да се плати без разлика колку понудените демагошки рецепти за пониска социјална цена на промените кои доаѓаат од политички партии од тесна политичка ориентација изгледале во моментот и поатрактивни и поприфатливи, но во основа сигурно значат враќање на старите решенија на некогашната економска и социјална политика во општеството која ја напуштивме пред неколку годи- ни.

Четврто, се надевам дека со денешната расправа и изгласувањето на предложените промени во Владата на Република Македонија ќе се стави крај на двомесечното партиско минирање на јавноста, на пројавените блокади во функционирањето на Владата и на владината и друга администрација, на непотребниот и непродуктивен багаж на политички невкус, политички умилкувања и медиумски исклучивости и злоупотреби и слично. Имено, натамошното занимавање самите со себе, произведувањето на политичките конкуренти во политички непријатели, или пак губењето на чувството на политичка одговорност и морална самокритика, може да доведе до влошување на вкупните политички состојби во државата.

Социјалдемократскиот сојуз не прифаќа ниту страсти ниту промени од калкулантски тип, туку бара јасна политичка одговорност за учеството во вкупниот политички економски и социјален живот во Републиката. Сакаме да се претставиме како партија која низ владината и парламентарна активност сериозно ќе се занимава со вистинските прашања и промени на граѓаните, пред се со осмислена економска социјална и развојна политика која треба да има за цел подобрување на вкупното живеење на народот, со отпочнување на нови инвестициони циклуси како можност за нови вработувања, пред се на младите генерации, со стимулативен даночен систем, со приватизирање на другите сфери, како што се земјоделството, банкарството, осигурувањето, со преструктуирање на јавниот сектор, со ефикасни отпочнати промени во здравствениот, пензискиот и образовниот систем, со нова респективна судска власт и со демократско изборно законодавство. Овие определби впрочем се содржани како конкретни цели во изборната платформа во Сојузот и кои беа посебно потенцирани во експозето на премиерот Бранко Црвенковски и кои остануваат како магистрални насоки за идното дејствување на Владата.

Патем би сакал уште едно прашање да поставам и два коментара да дадам.

Сакам да ми биде објаснето, бидејќи беше присутно во една од дискусиите на моите колеги. По кои општествени економски, политички и социјални параметри беше препознаена појавата на нов лев радикализам во Република Македонија. Дали по радикалните економски реформи, како што е приватизацијата, денационализацијата, пазарно стопанство, човекови права, политички плурализам, правна држава и независно судство, или пак од фактот што Либералната партија од тринаесетомесечната прикриена опозиција во Владата ќе помине, по свој избор во јавна прокламирана опозиција. Значи ли тоа дека земјите во

кои Либералната партија не е на власт или е во коалиција треба да стрепат од прогон на лев радикализам. Нека се наведе еден пример во светот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани премиере, почитувани идни министри, почитувани колешки и колеги.

Овие два дена имам причина да бидам среќен и задоволен, имам причина да искажам длабока болка во душата. Ќе ви ги објаснам и двете работи.

Среќата е евидентна бидејќи овој Парламент од вчера почнува со своја работа како Парламент: мотивиран, подготвен, пред се обезбедено присуство на најголем број на народни избраници, комплетно присуство на Влада на чело со премиерот. Но, мислам дека тоа треба да биде пракса и за понатаму, а не само за овие два дена.

Мојата среќа е уште поголема што и несвесно овие два дена, колку да сакате да бидете заробеници на вашите партиски ставови, сепак повеќе кај вас доаѓа до израз она човечкото, граѓанското. Практично почнувате од висините малку да се спуштате таму каде што сме, а тоа се обични смртници, мислам сите сме тоа.

Една ваква расправа ќе биде добредојдена за иднината на оваа држава, за демократијата, за менување на навиките. Нема сигурно веќе тука да доаѓаме за да завршиме некоја приватна работа, нема да дојдеме во Скопје и во Парламентот, да наминеме периферно само да го оправдаме доаѓањето. Нека продолжи оваа пракса па да ги демантираме гласините дека Парламентот, пред се е личен интерес.

Сигурно дека интересот на секоја партија, на секоја групација мора да биде крајна цел. Во спротивно не би имале не плурализам ни борба за власт, не би имале ниту избори, ниту проверки на рејтингот на сите нас.

III/5.-

Сметам дека еден ваков приод веќе означува една зрелост, без оглед на се она што го слушаме овие два дена тука. Ниту јас ниту повеќето од вас, а најмалку пошироката јавност ќе верува во причините за вашиот расцеп, за издвојувањето на една партија од Сојузот. Немам убедливи аргументи дека може една владина коалиција да се растури заради присуство во Владата на еден Томе или Илијаз или некој друг. Сигурно, тоа нека остане ваш проблем. Најмалку сакам да бидам арбитар а ќе се обидам во оваа моја дискусија најмалку да бидам сфатен како приврзаник на едната или другата партија.

Јас сум приврзаник кон тоа, после оваа денешна наша расправа кога Владата неспорно ќе биде избрана, ќе бидам приврзаник кон тоа да ни тргнат работите кон подобро, да добиеме поефикасна Влада, како што ветува премиерот и практично да имаме поголемо чувство за се она што тука недостасуваше, или едноставно не сакавме да го реализираме преку наше ангажирање.

Нема да се согласам со ниту еден дискутант, па ни со себе си, ако ја критикуваме само Владата за ваквата позиција и за ваквите состојби. Му дозволивме извршната власт да доминира со законодавната. Ние дозволивме да доаѓаме во некои смешни состојби, на комисии да се договориме како еснаф, како колеги, како пратеници, како претставници на на одот а за да само после неколку минути да дојдеме тука и да изнесуваме сосема други ставови.

Ние се обидувавме, неколкумина за жал, можеби може да се избројат на прсти тука да наметнеме еден поинаков стил на работење, стил кој ќе значи комплементарност на донесените закони, примена на тие закони во практичниот живот и повратни информации од апликативноста на тие закони.

Втората замерка на сите нас тука денеска присутни и оние кои што не се од редот на министрите е дека ние, свесно или несвесно

избегнувавме теми кои моравме тука да ги имаме на дневен ред, не за да рушиме Влада, туку да и помогнеме на Владата, да и пренесеме што мисли народот, што мислат граѓаните, што е она што е актуелно во мигот. На тој начин ние ќе имаме квалитетна и ефикасна Влада што е предуслов за напредок на оваа држава. Се друго ќе бидат празни фрази дека ефикасно сме донесувале закони.

Сега ќе дадам и контрааргумент. Подобро е да не донесуваме толку ефикасно закони за да потоа Уставниот суд ни оспори 128 закони, 64 уредби и други подзаконски акти. Сето тоа за нас треба да биде и навреда и некомпетентност затоа што тој Уставен суд на Република Македонија, отворен бранител на Уставот, меѓутоа верувам тие луѓе со своето знаеше и мудрост секогаш треба да бидат при рака на сите, најповеќе на оние кои ги креираат и ги предлагаат фундаменталните закони.

Јас уште во јули месец се обидов да иницирам ставање на дневен ред на ова Собрание една многу витална и чувствителна област која ја нареков спроведување на Уставот и законите. Остана таа моја идеја и заложба само во архивата на овој Парламент и во архивата на Владата. Таа моја заложба беше да отвориме расправа во овој Парламент за митото, корупцијата, организираниот криминал со високо профитабилните производи, со дрогата, за проблемите на младите и, се разбира, за меѓунационалните односи. Сето тоа на некој начин по само неколку дена беше филувано со активностите на Владата за донесување на мерки за превенција на организиран криминал и слично. По- четни резултати имаше, но си запревме само на тоа.

Во месец декември исто така барав информација од Владата за две многу витални работи, после кои би отвориле расправа во овој Парламент.

III/7.-

Едната работа беше за тој фантомски универзитет во Тетово и дали Владата го изменила својот став, дали ретерирала или ако не така, тогаш зошто не презема ефикасни мерки да се спречи неговата активност.

Второто барање беше дека е ред овој највисок законодавен дом да биде информиран за меѓународната активност на нашата дипломатија, во контекст на она што значи сукцесија, на она што значи наследство, на она што значат права и обврски низ призма на меѓусебното признавање на поранешните ЈУ републики. И трите информации до ден денес не беа прифатени, со образложение на единствениот министер кој беше присутен на таа седница дека Владата ќе се подготви и ќе излезе со таква информација, после која ќе можеме тука да развиеме дискусија.

Не знам зошто ги избегнуваме овие теми да ги дискутираме во центарот на демократијата, а тоа е овој Парламент. Се друго е депласирано, се друго доведува до манипулации, до калкулации, се друго доведува до ова што доведе, концентрација на огромна моќ и финансиска и политичка за да потоа дојде и до она што мораше да дојде, судирот на интереси кој ескалираше и со судир кој ќе има доминација над медиумскиот простор,за што бевме и јавни сведоци.

Загрижен сум како граѓанин, не како пратеник дека толку лесно може да се влезе и да се излезе во тој ѓаволски екран наречен телевизија и да може да се експлоатира во одреден момент. Не бев свесен дека и тоа може да ни се случи во државна телевизија.

IV/1/ПЈ/лј

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (продолжение)

Зошто ни се случи? Ни се случи, затоа што се судрија интересите кој ќе има поголемо влијание на тие медиуми. Поставувам сега прашање ако двата партнери не можевте да се договорите, да се согласите, да го поделите влијанието во тој медиум што да речеме ние овие другите мали партии или тие тука кои што сме застапени само со еден пратеник, вклучувајќи ги и вонпарламентарните партии. Нека и тоа биде еден добар пример, под знакот на наводници дека јавните претпријатија пошто се уште ги немаме комплетно профилирано и дефинирано, а само донесовме заклучок дека на чело на нив треба да бидат партиски луѓе, видовме до каде доведуваат. Нека ова биде опомена да не ни се случуваат вакви работи и во другите јавни претпријатија да може струјата да ја исклучи кој како сака, зависно од партиската припадност да не ни, дадат авионски билет, поради партиската припадност итн.

Прашањата на дигнитетот и авторитетот на овој парламент. Ние како да се плашиме или срамиме во овој парламент да дискутираме како што се дискутира во сите парламенти. Овој парламент ќе се надмине себе си, а тука мислам дека ќе мора да ни помогне и Владата дека во светската пракса Парламентот најчесто е гласно говорник на се она што Владата и министрите или не смеат, или доброто чувство на Влада и на дипломатија не им дозволува. Тој терет мораме ние да го преземеме, драги колеги, г-до министри ние не проговоривме во овој момент на поднесена информација за нашата меѓународна политика, за нашите состојби. Ние овде два дена добиваме критики за антиалбанско расположение така беше изречено. Дали ни не треба да се застрамиме за такви квалификации, а уште повеќе да се засрамиме што ние не најдовме за згодно во овој ист парламент проговориме за правата на нашите браќа и сестри во соседните земји. тоа е работа на парламентот. Ние не поставивме на дневен ред точка таква. Што се случува со нашите

браќа и сестри во соседните земји, кои се нивните права, која е демократијата таму на тие простори. Ние се оптоваривме овде само со односот македонци - албанци и други националности. Парламентот е местото каде што ние треба да преговориме за тие прашања, а да ја заштитиме нашата дипломатија дека не знае да се однесува дипломатски. Знае и ќе учи ако треба. Меѓутоа, ќе мора да не информира тука и ќе мора во овој дом да отвораме расправи и за вакви теми. Адекватна застапеност се залага и веројатно премиерот тој цех мора да го плати, без резервна поддршка, се разбира, за сметка на другите кои што заслужуваат или кои што имаат право на поголема партиципација во оваа власт. Веднаш да бидам сосема јасно разбран. Демократската партија на Македонија воопшто ниту има намера, ниту имала намера, ниту по политичкиот распоред на силите треба да бара место по оваа коалициона Влада. Тоа се правилата на политичката битка и тие правила треба да се респектираат. Меѓутоа, соодветна застапеност да се бара врз база на бројот на жители, мислам дека е многу ризичка формула, која што веројатно ќе треба во некоја друга прилика да елаборираме. Ќе нагласам само неколку ставови за апсурдноста на едни такви заложби и едни такви барања. Дали некој размислува со кој влог влегува во играта, дали некој размислува кој потенцијал го става на избор ако ни се познати традиционалните наследености дека кај една популација жените многу тешко се одлучуваат на образование затоа што и да сакаат имаат други задачи. Наталитетот со четири пет, и шест деца и образованието не одат заедно.

Прашањето на парауниверзитетот во Тетово значи се, најмалку значи образование. Тоа значи да експлозивната направа од Приштина да се пренесе во Тетово, во Македонија, господо. Тој универзитет значи да држиме во заблуда некои кажани ветувања дека некој нас ни ветил такво нешто и ние мораме тоа упорно да го браниме. Апелирам дека таквите

заложби се многу опасни, затоа што меѓу другите цели, целта е тој град, тој бисер на Западниот дел на Македонија практично да се изврши притисок и на се уште малку останатото македонско население, православно население за да овие студенти од Косово, од Албанија и од другите краишта дојдат во Тетово, се снабдат со дипломи и најголемиот дел од нив да останат во Тетово да се омажат и да се оженат и ја нарушат понатаму таа демографска структура. не се тие ни малку наивни, не се тие непознати заложби, тоа е за жал таа трагична вистина и ако господо од другите делови на оваа држава тоа ден порано не го сфатите трагиката на Македонија утре ќе биде целосна.

Паралелната власт, непочитувањето на Уставот и законите се секојдневие на тие простори. Јас воопшто не им замерувам на колегите кои што реагираат јас можам само да им честитам можам само да им се дивам за умешноста, за умеењето, за пазарење, за поставување на услови и за барања. Зошто да не се бара нешто ако може тоа полесно да се добие. Болката моја во душата не беше ова што го реков пред- малку, болката моја е поврзана со тоа што таа Илирида, која што овие денови повторно се споменува, тој Мерсим Положани кој што повторно се воскреснува, не го создаде Мерсим Положани, не го создадоа моите пријатели албанци, Илиридата ја исцртавме, ја исцртавте господо Вие, со тоа што овој состав на Влада и за министри и за заменици министри нема предвидено ниту еден македонецот од западниот дел на Македонија. Не е ли тоа исцртување на една карта. Дали тие луѓе таму се неспособни за тие функции. Да не употребам потешки квалификативи. Дали тие градови Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар, Струга, па и Охрид, ако сакате застапен Охрид само со луѓе кои што имале среќа да се родат во тој бисер, но потоа целиот нивниот живот бил подалеку од Охрид. Дали ние треба да размислуваме дека ние сме цел на некои идни комбинации и дека практично нема да не има на тој простор, не треба да

IV/4.-

не има. Треба да го напуштиме тој простор. Ако е така ден порано да ни се каже и да преземеме навреме чекори во тој правец. Но, секој кој што мисли така се лаже и тие комбинации нема да поминат ниту така едноставно, ниту така лесно. Во срцето сум Македонец и се гордеам со тоа.

Благодарам што ме сослушавте.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Котлар.

**МАРЈАН КОТЛАР:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, дами и господо пратеници.

Сојузот за Македонија уште при неговото формирање беше промовиран како коалиција помеѓу трите партии со заеднички кандидат за претседател на државата г-динот Киро Глигоров како личност со несомнено највисок политички рејтинг и доверба на граѓаните на Република Македонија. Триумфалната победа на претседателот Глигоров кој освои двојно повеќе гласови во однос на Сојузот за Македонија уште при првиот круг на изборите во 1994 година јасно укажа на цврстата определеност на граѓаните на Македонија да го дадат својот глас на вториот круг за политичките сили кои нудат квалитетна и стабилна политичка програма, развој на демократските процеси, меѓу етничка толеранција, потполна меѓународна афирмација на нашата држава и решавање на сложените внатрешни проблеми од економската и социјална сфера, кои ги тиштат огромен дел од граѓаните на Република Макротија. За жал, успесите на Република Македонија на надворешно - политички план во смисла на зацврстување на позицијата на нашата држава во меѓународната заедница и асоцирање во Европските и светските интеграциони процеси не беа проследени со остварување на изборната платформа на Сојузот на внатрешен план. Несогласувањата на Либералната партија со најголемиот коалиционен партнер во

изминатиот период околу водењето на внатрешната политика бе беа сфатени како обид за конструктивен придонес во реализирањето на дадените изборни ветувања. Напротив, либералната партија беше жестоко нападната за неверство и жигосана за обид за ружење на Сојузот за Македонија, што не е точно. Либералната партија стои зад платформата на Сојузот за Македонија и низ конструктивен дијалог, взаено почитување на меѓу коалиционите партнери и потполна поддршка на претседателот Глигоров во водењето на политиката на Република Македонија. Во сегашниот политички миг кога нашата држава се наоѓа во сериозна, во политичка и економска криза се наметнуваат неколку прашања од фундаментално значење за иднината на Македонија.

Прво, дали со не подржувањето на апелот на претседателот Глигоров од страна на социјалдемократскиот сојуз постои обид за маргинализирање на неговата функција како шеф на државата и покрај неговата изјава дека нема да застане зад ниедна партија или политичка групација која е вон рамките за Сојузот за Македонија.

Второ дали социјалдемократскиот сојуз како доминантен субјект во досегашниот политички амбиент има морално право пред гласачите за сојузот за Македонија па и пошироко пред македонската јавност, едноставно да ја елиминира во опозиција либералната партија, која во рамките на сојузот беше составен дел на победничката коалиција. Трето, отворено го поставувам прашањето на легитимитетот и легалитетот на сите пратеници од Сојузот за Македонија, чии претставници на народот сме сите ние, дали и колку пратеници од нас би останале во пратеничките клупи, доколку самостојно или како разединети партии се изложиле на проверка на вонредни парламентарни избори.

Четврто, што значи предлогот на премиерот Црвенковски поставување на заменик министер за правда, извонредно важен ресор во Владата, на г-дин Мерсим Положани, поранешен пратеник во Собранието познат како поборник за федерализација на Македонија и

IV/6.-

создавање на небулозната Илирида. Г-динот Положани при повторното кандидирање за пратеник во 1994 година не доби доверба во својата изборна единица токму меѓу Албнското население, Албанската националност навреме сфати дека решавањето на меѓунационалните односи е можно и само и исклучиво преку демократските институции на власта, политички дијалог и толеранција како инструмент за постигнување заеднички живот помеѓу сите граѓани на Македонија. Затоа и разбирливо што од граѓаните не е дадена доверба за ваков кандидат и ваква опција. Не е разбирливо зошто преми- ерот охрабрува една ваква веќе поразена политичка алтернатива. Сето ова ме зацврстува во уверувањето дека новонастанатата политичка концепција и предложената реконструкција на Владата не ја заслужува мојата поддршка и доверба кон Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Не би рекол дека ми е задоволство што во критиките на работата на Владата, па и во програмата на Владата се потврдуваат некои мои укажувања и согледувања,. кои што од оваа говорница ги изнесов во изминатиот период. Но, ме убедуваат во факти дека е потребно сите забелешки, ма колку биле непријатни да се изнесуваат, бидејќи во секој случај тоа може да даде резултати. Главно, овде јас можам да ги систематизирам забелешките кои што беа изнесувани во едно пет-шест точки. Имено, има најтешки забелешки на економската политика во земјата и има забелешки во економската политика во нашата земја со странство, забелешки од сферата на јавната потрошувачка. Најголеми и најостри забелешки има во сферата на трансформацијата. Исто така имаше забелешки и на социјалната сцена кога треба да се плати, кој треба да ја плати и колку време треба да ја плаќа за тн. усреќување, тенденциите за

централизацијa  на власта и неотчетноста на трошењето на парите. Исто така и во поглед на задолжението на државата за усреќување на народот со големи проекти од Козјак, Железница, патишта, ова и она, како да сме во време во кое што дефакто не знаеме што да правиме со потрошувачката Јас овде поради самиот лично себе,а исто така сигурен сум дека и оние кои што ќе владеат утре како имаат на ум некои од овие забелешки да при- фатат, ќе ги изнесам следните забелешки на економската политика.

Економската политика на земјата се водеше со најдобри намери, но како што знаеме и патот до пеколот е поплочен со најдобри намери. Имено, што е тоа што јас забележував и што слушнавме сега, најбитно за економската политика. Главно, во сферата на уредување на односите, зауздување на инфлацијата, стабилноста на курсот, зголемување на резервите, главно, тоа беа, а и од експозето на премиерот главните успеси на Владата. Но, страшната работа овде е во тоа што овие параметри некако се одвоени од главните параметри поради кои ова се прави. Имено, некако како и во експозето на премиерот беше кажано дека овие се резултатите, но недостатоците се овие, како што е тоа пад на производството 10% од невработеноста и сите други последици кои што следуваат. Сето ова е работа која што можеме трите параметри да ги сметаме за успешни ако ова последното е завршено. Ако ова последното не е завршено, тогаш ова е само ради форма. И, по се изгледа, и тоа не е случајно дека многу полесно е да се сопре инфлацијата, многу полесно е да се приберат државни резерви, бидејќи тука нема создавање, туку има само прераспределба. И таа работа многу полесно е да се направи, доколку да се направи она што е најважно. Она што е најважното, што и еден врвен економист, јас ќе го повторам односно ќе го цитирам уште еднаш Бранко Хорват го има кажано.

V/1.-CJ/OM

**ЛАЗАР ДИМОВ:** (Продолжение)

Единствена и основна задача на секоја добра Влада е да ги спои ресурсите со средствата за производство, со работниците. Нешто, таа работа, нас не ни се случи. И, поради тоа, сметам дека критиките од оваа област на Владата, во работењето на Владата, упатени се, и итекако држат бидејќи се она што треба да се прави од соборување на инфлацијата, паритет на денарот до резерви и други работи се во функција на зголемување на производството односно за одржување на живот.

Исто така забелешките во поглед на економската политика спрема странство. Не треба да имаме илузии дека ние сме некој фактор кој што можеме да ги определуваме односите со страните економските организации има асоцијации, но јас не можам да одбегнам од фактот дека ние го прифаќаме тој диктат на овие меѓународни организации едноставно без тие организации да ги запознаеме со вистинските наши состојби. За нив, луѓе божји, за Европа, ние сите исто изгледаме , ние и Македонија и Бугарија и сите други пост комунистички земји, така наречени, мои впечаток е дека на тој план многу малку ние ги презентираме, Владата сигурно која што е должна за таа работа, ги презентираме нашите специфичности и јас сум повеќе од убеден дека не бегајќи од курсот, го имаме застапено, а во интерес на нашите економски состојби може да се прифати.

Овде беше основна фалба дека оваа година премостени се кредитите со меѓународната монетарна организација. Сметам дека тоа не е некој особен успех бидејќи сигурно е дека е нешто, но сметам дека тука ние издејствувавме во поглед на цената на тој долг е репрограмирано прифатен.

V/2.-

Трета работа која што сметам дека е исто така битна и која што не колерира, мислам дека показателите што овде беа изнесувани неколерираат со стварноста е така наречената јавна потрошувачка. Јас и придонесувањето на првиот буџет кога оваа Влада го носеше и овој буџет инсистирав дека тој буџет во таков обем без оглед на тоа какви се нашите потреби ги надминува можностите на нашето стопанство, ако општествениот производ е помал од 700 долари по глава, а нашата јавна потрошувачка ја поминува бројката од милијарда ипол долари, јасно е од каде тој буџет се создава, јасно е дека тоа стопанство трансформирано, нетрансформриано останува без погон. Мислам дека тоа веќе не удира по глава и доколку порано е свестиме тоа ќе биде во ред.

Исто така социјалната цена во многу наврати овде беше споменувана, која е таа социјална цена односно минимална социјална цена која што треба да ја платат и кој треба да ја плати, а исто така и време траењето на тоа плаќање. Мислам дека како и секоја Влада и нашата Влада по добрите времиња ги сместува малку подалеку бидејќи тоа подалеку е потешко за контрола, но факт е дека до тоа подобро утре треба да стигнеме сите. Ако не стигнеме сите без разлика на доброто утре или задутре идната година или подалеку мислам дека нема цел, без разлика колку добро изгледа.

Исто така евидентно е дека перманентно дали преку законите или преку другите форми на уредување на општеството се наметнуваат се пожестоки форми на централизација на власта, а при тоа со најмала очетност , јас кога зборувам централизацијата, зборувам централизација на парите што е можно помала отчетност на трошењето на парите. Ова последното врзано е со економската политика, задолжувањето на земјата под мотивација дека со тоа ќе се прават некои инекции за заживување на стопанството, јас во таа работа воопшто не верувам б

идејќи воглавно задолжувањата се прават за некои капитални објекти. Мислам во ова време на рецесија кога во прашање е голото преживување сметам дека Владата не направи доволно за покренување на моторот поради кој ја правиме оваа транзиција, онаа приватната иницијатива.

Сега, јас овде го поставувам прашањето, што е тоа што овде во овие два дена се случува. Овде имаме предлог за измени и дополнувања на Владата, терминот можеби го погрешив, јас барав да си дадам одговор зошто ова се бара, кој се причините ова што се прави. И, се уште немам не можам да си дадам прав одговор па заради тоа и овде го поставувам прашањето. Воглавно рекомпонирањето на Владата од дискусиите на едната партија, на другата партија произлегува како да е работа потребна да се направи во ова време бидејќи таа екипа т.е. Владата не функционирала онака како што треба. Исто така, во таа Влада покрај ова менување, министри од либералната партија нема се предлага да не бидат во Владата имаме рекомпонирање, померување на министри од едно на друго место и донесување на нови министри. Ако е тоа тоа мислам дека тоа нема да измени ништо од работењето на Владата бидејќи колку што слушнав овде во експозето на премиерот константно останува платформата на Сојузот односно тоа е збир на желби најдобри желби што сакаме и мислам дека по тој основ нема ни овде ни надвор спротивно мислење. Проблемот на секоја Влада и на партиите веројатно методот како тоа да се направи и успешноста во правењето.

Оваа Влада и рекомпонирањето на оваа Влада мене вака ми изгледа да се изразам со фудбалскиот жаргон , по се изгледа селекторот на екипата при менувањето на местата на играчите тргнува од следните заклучоци: ако некој одбранбен играч си дава многу авто голови го промовира во голгетер или да кажеме некој или да кажам некој навален

играч кој што често пати игра со рака го промовира во голман. Овие работи мене така ми изгледаат. Исто така овде бидејќи оваа Влада не е Влада само на Сојузот, да кажам туку има јасна платформа има коалициони партнери, нешто остана недоречено дали , дали коалиционите партнери токму поддржувајќи ја оваа платформа на Сојузот ќе придонесат за кохерентноста на екипата. Благодарам.

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, господа премиер и министри. Собранието вчера и денес води расправа која слободно можеме да ја оцениме како една од најделикатните, а секако треба да ја донесе и една од најтешките одлуки во овој мандат, по мое мислење ако се изземе ратификацијата на договорот со нашиот јужен сосед, секако и најтешката одлука со која се соочува овој пратенички состав.

Оваа драматичност на одлуката не ја гледам дека е предизвикана само од голиот факт дека се избира нова Влада туку пред се од предисторијата на оваа Влада и од начинот на кој се доведовме во позиција да само после една година или тринаесет месеци на дневен ред имаме избор на дефакто сосема нова Влада. Оваа ситуација е нова и сложена. Таа беше сложена во самиот зародиш, беше невообичаена , мислам дека во финишот стана уште посложена имајќи ги предвид и двете изјави на претседателот на државата во врска со условите кои доведоа до формирањето на нова Влада.

Првата изјава која внесе нов пристап во толкувањето на нашиот уставен систем и, втората, која беше во насока на релаксација на настаните, а двете упатени пред се, на раководствата на политичките субјекти кои го формираат Сојузот за Македонија од сега веќе очигледно

далечната 1994 година. Завршницата на сето тоа денес е пред нас, но ние мора кон оваа состојба да пристапиме одговорно и сепак со полн респект на сите учесници во овие настани. Секако се наметнува прашањето кои се тие настани кои доведоа до денешниот предлог за нова Влада. По моето скромно и лично видување тоа се следниве:

Прво, се понагласеното видување на многу кругови внатре и надвор од Сојузот за Македонија дека истиот треба да конвергира кон една обединета политичка сила, а не дека таа е сепак само изборна собраниска и владина коалиција на три блиски, но и сосема различни партии и по својата политичка насоченост, па дури и по својата генеза. Или пак , ако сакате, градирани од десно кон лево либерали,социјал - демократи, социјалисти, односно обратно од лево кон десно социјалисти, социјал демократи, либерали.

2. Само една година после формирањето на Сојузот истиот успеа да оствари голем дел од своите најзначајни видувања и проекти, при тоа мислам на следново: До оформување на политичкиот систем и заокружување на сите видови и степени на власта во РМ.

б) Конечна и целосна стабилизација на Македонија на меѓународно ниво и нејзино интегрирање во организациите за кои ова Собрание искажа политичка волја и интерес во овој или во изминатиот мандат од една страна, и релативно успешни и добри билатерални односи со земји-те од соседството и светот за кои мислевме и мислиме дека треба да се стори со така наречениот принцип на еквидистанца или екви кооперативност со соседите и промоција на сосема обратниот принцип во односите со најзначајните земји во светот, особено во северната евроатланска хемисфера.

в) Натамошна блага релаксација на меѓунационалните односи внатре во Република Македонија.

V/6.-

г) До заокружување на институциите на државата и сувереноста на Република Македонија.

д) Веројатно и други помалку или повеќе значајни програмски видувања на Сојузот за Македонија.

3) Објективните разлики кои продолжија да постојат помеѓу коалиционите партнери по многу значајни прашања од економската, развојната и социјалната сфера , а кој во одредени моменти доведуваа до сериозни проблеми во функционирањето и ефикасноста на Владата, пред се на Владата, а не и на парламентот.

4) иако четврто, по важноста можеби е прво, фактот дека Либералната партија и нејзиното водство прилично непромислено и прилично наивно мислеа дека можат да учествуваат во власта и тоа на највисоки позиции во Собранието и во Владата, да влијаат битно на одлуките кои се носат , па дури да донесуваат и сопствени одлуки за кои што ги задолжувавме во Владата, кадровски да се инволвирани, а во исто време дека нема да сносат одговорност за потезите на власта. Оваа поприлично ја заоструваше работата со се побројните и почести јас би ги нарекол дури и испади на критицизам кон другите партнери и невиденото полнолетство кон своите претставници во органите на власта. Типичен пример е соопштението по октомврискиот атентат во кое Либералната партија самата себеси и своите лидери ги декларираше за најзаслужни за стабилноста во Република Македонија,арогантно потценувајќи го придонесот на останатите партнери и на останатите вонпарламентарни партии.

5) Фактот дека либералите го превидоа фактот дека сепак во рамките на Сојузот за Македонија е втор партнер, а цело време се обидуваат да се наметнат како паралелен и рамноправен фактор на

Социјал демократскиот сојуз, за што о:бјективните резултати не даваа можност туку само дополнително го иритираше СДСМ.

Веројатно има и други помали и поголеми причини, но јас мислам дека овие се поважните, за денешните настани.

Откако ова излезе на површината наместо да се активираат повратните стреги на ублажување на ситуацијата , се активираат сосема поинакви спреги за натамошно продлабочување на проблемите и кризата. Дојдоа до израз личните нетрпеливости на највисоките раководители, што мислам дека е точна констатација на г-динот Глигоров во неговата изјава. Тврдоглавост аи инаетот се претворија во најевтиниот сурогат на доблеста во политиката. Се распламтеја увреди, ако ништо не се заборава полесно од добродетелството во животот тогаш секако ќе се сложите дека ништо не се заборава потешко од увредите кои што се изрекуваат во политиката, а тие во скриена или во отворена форма се присутни па дури и вчера и денеска. се покажа на дело дека после само заљубеноста или како што нашиот народ вели само бендисаноста најјака и најсурова човечка страст е власта.

Почна и кадровските чистки и тоа пред се , низ задninските ешалони на власта со цел покажување на заби, а за да се докаже дека се уште е на сила силата и дека се уште важи она старото, денес на престолот утре во калта.

Во овие услови новата Влада која е пред нас е само логично продолжение или само логичен крај на овие настани. сето ова носи со себе бројни извесни и неизвесни последици, очекувани неуспеси и очекувани резултати. Дел од партиите од денес натаму ќе имаат нарушен легитимитет за понатамошни знајни и незнајни заеднички коалицирања. Ако сакате да сме и самокритични тогаш треба да се каже дека слични и

заеднички настапи на досегашните партнери и натаму ќе бидат потребни затоа што сум убеден дека политичките субјекти на национализмот, на популизмот некритичкото приближување кон одредени соседи на Република Македонија се уште се тука и имаат политичка сила. Но, по се што е кажано, дали за нас е можно заедничко спротивставување на евентуалните вакви појави. Сенката на овие настани мислам дека долго ќе не следи и тешко ќе се заборави. Затоа јас би апелирал од оваа говорница пред се, до Социјал демократит, до мојата Социјал демократска пратеничка група и Либералната пратеничка група да не се обидат да ги срушат сите мостови помеѓу овие две политички сили. Некој мост за соработка мора да се остави, меѓутоа сепак по некогаш веројатно во животот е потребно да се добие местото што некому му припаѓа, но и она што не му припаѓа за да се соочи со суровата стварност и вистина.

Господа пратеници, новата Влада е составена и предложена по еден интересен принцип. Влада со политичка поддршка и позадина, но во која и натаму продолжува неполитичкото или таканареченото експертско присуство. Интересно е и тоа. што освен СДСМ останатите два колаициони партнери во новата Влада добиваат онолку министерски и заменички места колку што имаат пратеници во Собранието. Значи секој пратеник носи по едно место во Владата односно заменичко место, што е настан скоро без преседан, а што ја искажува и спремноста на СДСМ до максимални граници да води политика на несебичност и компромис. Интересен дури е и фактот дека и самиот мандатор на Владата се одлучи за себе да задржи еден од најважните ресори во Владата.

Сепак оваа Влада треба да добие поддршка, но и да се напомене дека нејзиниот скратен мандат нема да биде двеипол години колку што останува од нашиот пратенички мандат, таа ќе мора , убеден сум, веќе во рок од една година да покаже резултати за да ја оправда поддршката

и направениот царски рез во овој момент во овој парламент, а тоа ја чека токму на најтешко поле економско - социјалното поле. Се разбира дека јас сега немам намера да бидам премиер и да кажувам што се треба да се прави на ова поле како што многу пратеници збореа, стимулации, даночно средување, вработување и т.н. Ми се чини дека за оваа Влада нема најголем критичар да бидат ниту опозицијата во и вон парламентот, ниту пак јавноста , убеден сум дека од сите критичари најголем и најгенијален, едновремено и непоштеден ќе биде времето кое ќе биде и најголем опозиционер.

Веќе не е битно дали во оваа Влада ќе седат либералите експерти или политичари туку дали таа ќе даде резултат и тоа брз, или нема да го даде тој резултат. Ако го стори истото што го стори и досегашната Влада особено во економско социјалната сфера сето ова ќе биде попусто и ќе биде губење на време и сила. Но, ако го направи обратното во што сум убеден , само мал исчекор напред, ова ќе биде одличен чекор на парламентот.

Покрај другото денеска добиваме и Собрание, парламент со сите нишани позицијоно - опозициони и тоа веројатно ќе го поврати духот на парламентаризмот во овој наш дом.

На крајот би потенцирал и следново: Ова е веќе четврта Влада за пет години плурализам во Македонија и трета на г-динот Црвенковски. Таа многу често се менува, со многу нови или стари кадровски решенија кои ротираат. Затоа ние денес треба да и дадеме поддршка но и не буквална доверба. Поддршката нема да биде бланко, таа ќе биде само виза од Собранието за работа на Владата, а сум убеден дека довербата оваа Влада ќе мора да ја стекне самата со својата програма, идеи,храброст и доблесност.

VI/1 ЈМ/СЛ

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ**:(продолжение)

Јас би бил среќен кога од оваа Влада најприсутни на екранот и на насловните страни на весниците би биле министрите за финансии, стопанство, земјоделие, образование, здравство, развој итн., а не како досега оние за одбрана, внатрешни работи, надворешни работи итн. Предложениот состав на Владата дава извесна сигурност дека Владата ќе може да се справи со проблемите кои стојат пред нас. Моите досегашни професионални и политички контакти и соработка со најголем дел од кандидатите ме уверуваат во тоа. Под тоа име на новата Влада и посакувам успешна работа и содржинска и плодна соработка со нашиот Парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Панче Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, освртот во мојата дискусија по повод новата Влада ќе го отпочнам со поглавјето на потсетување за дадените изборни ветувања, после изборни очекувања спрема граѓанството како бирачко тело, споредено сето тоа со состојбата на актуелната моментна расположба на граѓанството во периодот кога го вршевме овој избор на Владата.

Првото ветување беше стабилен и ефикасен Парламент што нешто постигнавме го постигнеме, сведоци сме во големо парламентарно мнозинство постигнавме, но веднаш потоа во работата и одлучувањето овој ист Парламент се претвори во гласачка машина на пратеничката група на СДС со укинување на секаквиот дух на парламентаризам, односно парламентарна демократија.

VI/2.-

Второто ветување беше , ќе потсетам политичка Влада. Истото исто така се реализира од неколку коалициони партнери, но веднаш се доби резултатот на превласт и доминација на СДС кој сега еве сведоци сме дека сака уште поголема превласт и власт.

Третото ветување беше претседател на Републиката кој го сакаат и кој има поддршка во најширокиот дел на граѓанството. Тој најполитички авторитет, најголем, највисок политички авторитет на кого и народот му даде доверба и на кого најголем дел од граѓаните и народот му верува е едно од неспорните остварувања на изворната платформа на Сојузот за Македонија.

Четвртото ветување и нај битно тоа е ветувањето за економските и социјалните реформи. Во едногодишната работа на досегашната Влада која е евидентно беше претежно СДС Влада во која доминираа министрите од СДС се направија катастрофални последици во стопанскиот сегмент и во социјалниот стандард на граѓаните. Во своето експозе премиерот се осврна на тоа така површно и пежоративно дека еве има рапиден пад на општествениот производ и на индустриското производство, се зголемува тенденцијата на пораст на невработеноста и на социјално зависните граѓани, како да е тоа нешто така вообичаено, како да тоа не значи еден од основните критериуми и за политичка одговорност на самата Влада и на премиерот.

Па ниту еден владин предлог досега предложен во досегашниот мандат не предложи содржински и суштински измени на постојното на подобро, барем во оној дел каде што Владата ги има непосредните овластувања, а тоа е растеретувањето на оптоварувањето на стопанството. Сите сме сведоци за затекнатите оптоварувања во стопанството од 70% се зголемија на 85% заради перфектната финансиска политика на министерот Миљовски, на Министерството за

финансии. А апсурдноста да биде поголема сепак државната каса е празна. Како пратеник и како пратеничка група на Либералите ни преостануваше на таквите предлози на Владата претежно СДС, амандмански да интервенираме за намалување на тие преголеми зафаќања и загушување на стопанските услови на стопанските субјекти, но се разбира безуспешно заради автоматизмот на гласачката машина на Парламентот. Понатаму наместо ослободување на пазарот од преголемите државни овластувања амбициите на досегашната претежно СДС Влада беа за контролна власт во сферата на стопанството со подржавување дури и на пазарните услови за стопанисување највидно изразено во преголемата зависност на стопанските субјекти во државата. Само да потсетам нормално неколку пати пред- ложените законски проекти за намалување на државната администрација од министерот Иванов за наместо 101 одобрение за да се врши извозно увозна деловна дејност, нормално во Владата и во овој Парламент не поминаа со задржување и понатамошно на државната зависност и преголемото администрирање во стопанството. Исто така, зависност оваа Влада диктира и со своите нескромни преголеми главни зафаќања и јавни расходи со кои го угушување стопанството и создаваше социјално зависни граѓани, зависни паразитски и од самата држава што веќе е широка појава во нашата земја. Која е констатацијата од овие неколку наводи. Изборните ветувања и очекувања не резултираат со ефекти кои непосредно ќе ги осетат граѓаните како промени на постојното на подобро и евидентно е незадоволството кое е многу раширено и големо. И постои недоверба во претежната СДС Влада на премиерот Бранко Црвенковски. Тоа доловува и дава една причина за таа недоверба се пренесе и сега на ново предложената Влада.

VI/4.-

Второ поглавје на кое сакам да се осврнам тоа се причините за несогласување и конфликт меѓу СДС и ЛП. Прво, непослушноста на ЛП спрема самоназначениот газда во досегашната коалиција Сојуз за Македонија, СДС се објаснува како нелојалност и неспремност на соработка на ЛП како ќе им каже што е демократија СДС и како ќе одлучи СДС, само тие треба да имаат добро уво и добро да слушаат и ништо повеќе не треба. Нормално ЛП задржувајќи го својот партиски идентитет и самостојно политички субјективитет јасно реагираше уште и при изборот на Владата на приграбувањето уште во составот на првата Влада на целокупната превласт во истата на СДС и коалицирањето на премиерот со Фадил Сулејмани, со изборот на членот Илијаз Сабриу. Исто така, не издржана е и многу експлоатираната причина за застапеноста на Либералите експерти зад кои не стои политичката партија Либерална. ЛП за цело време имаше поддршка на своите министри во Владата. Само да потсетам нема ниту еден предлог предложен претежно од СДС Владата кој што не го поддржаа претставниците на ЛП и во Владата и во Парламентот. Ако има друг пример јавно барам да се искаже. Упорно не се сакаше од СДС да се сфати дека ЛП не дава политичка поддршка на работата на Владата која нема своја сопствена програма и во која кога би се утврдила таква програма како партиципиенти министрите либерали, ЛП би учествувале и дале придонес во утврдувањето на истата и би презеле одговорност понатаму во реализирањето на таквата програма на Владата. Но, сега е повеќе од сигурно дека тоа свесно и не се сакало да се донесе затоа што целта на Бранко Црвенковски не била нешто да се направи, туку да се растури. Потврда на рушилачката настроеност на г-динот Бранко Црвенковски е и најновото јавно и гласно промовирање на раководството

VI/5.-

на ЛП за спремност за надминување на проблемите од функционирањето на коалицијата, но со една отсутност на слух, дури и со потценувачки однос, апсолутна неспремност за да се изнајдат можните конструктивни решенија за понатамошно опстојување на Сојузот за Македонија во Владината коалиција. Значи несогласувањата помеѓу СДС и ЛП се од концепциски и програмски карактер. Неодминливата притоа борба за власт најверојатно со изборот на оваа Влада ќе се изроди во превласт и севласт на СДС, но јас сум убеден дека тоа ќе биде лажна, бидејќи е нереална и погубна бидејќи ќе биде краткотрајна. Досега ЛП опстојуваше во ваквата Влада со цел да по методот на дијалог, на преговори преку конструктивни и аргументирани решенија да влијае на утврдувањето на предлозите, нивно предлагање и донесување на Собранието нормално безуспешно како што е познато. Без анализа на работата и сумирање на постигнатото и не постигнато од планираните цели Бранко Црвенковски од министрите во досегашната Влада што сам ги избра, потенцирам, сменува 9 министри. Што автоматски ја потврдува неуспешноста на досегашната работа на Владата и логички, природно го поставува и прашањето на одговорноста на премиерот Бранко Црвенковски.

Во експозето по повод новата Влада, Бранко Црвенковски се осврнува пост фестум и по сврчен чин на анализа на едногодишната работа и дава сумирање на постигнатото, односно, непостигнатото при што се пофалува со постигнувањето на меѓународен план чиј носител беше Стево Црвенковски, се пофалува со забрзувањето на приватизацијата и стабилизирање на 25 загубари чиј носител беше Иванов Ристо, се пофалува со порастот на општествениот производ во аграрот/носител беше Иван Ангелов. Сите напред наведени министри либерали.

VI/6.-

Понатаму симптоматично е изнесеното постигнување на Владата со носење на системските закони од образованието и првиот закон во спортот, а односниот министер Симовска е сменет, или за големите и ефикасни успеси во истрагата по атентатот на претседателот Глигоров, Фрчковски се наградува од министер за внатрешни работи во министер за надворешни работи. Што е нон-сенс несовпадливо и сериозно може да конкурира са Гинисовата книга. Во секој случај евидентно се работи за беспричински, нереспектирајќи по личностите и крајно недемократски метод на разрешувања во претходната Влада, со што покрај осиромашувањето на владината структура со отсуството на кадри либерали, секој и од сега предложените кандидати за членови на Влада треба да си го постави прашањето да согласно овој метод на разрешување да истата судбина не го задеси него на прва наредна прилика. Кој се вистинските цели на овие промени, на предлогот на Бранко Црвенковски за нова Влада. Тоа се апсолутна власт на СДС во Владата преку пазарење учество на претставниците на Албанците од ПДП. Идеолошка квалификација на оваа нова Влада е лево радикално екстремно националистичка влада. Со отстранување на либералите Бранко Црвенковски несразмерно го зголеми учеството на Албанците од ПДП во Владата. Ова како совест, како свест и одговорност на Бранко Црвенковски може единствено да се сфати и како одговорност во идниот период за неговиот непосреден придонес во постигнувањето на стратешката цел за конститутивен државотворен елемент на Албанците во Република Македонија.

Долго време размислував кои се договарањата меѓу партиски на премиерот и ПДП во однос на отстапувањата на програмските остварувања на ПДП во програмата идна на остварување на Владата.

Во тоа ми помогна настапот на мојот почитуван колега Харуни кој што јавно кажа дека во новата Влада и условено со тоа учеството на Албанците од ПДП во таа Влада е дадена согласност за институционализација и легализација на Универзитетот во Тетово. Па нека е со среќа. Фактички крајната цел е преземање на целокупната власт во државата од страна на СДС преку зајакнување на нивната превласт во Владата. Со отстранување на либералите од неа, укинување на Сојузот за Македонија и создавање на СДС ново компонирана политичка концепција. Во таа новокомпонирана политичка концепција договорот со Албанците од ПДП по излагањето на колегата Харуни на ветена согласноста за легализација и социјализација на универзитетот во Тетово ми е веќе јасно, а верувам дека е јасна и на членовите на Парламентот и пошироката јавност.

Понатаму Социјалистичка партија како компонента во таа новокомпонирана политичка концепција вообичаено слушајќи го се што ќе каже постариот брат,ја поддржува оваа Влада . Давањето поддршка од СДС ден порано пред истакнувањето на нивниот кандидат Бранко Јаневски за заменик министер за труд и социјална политика, па веднаш потоа повлекување на неговата кандидатура без објаснување на причините, иако тие се познати за нас, односно, премиерот по барањето поддршка за оваа нова Влада од меѓу другите и СДС го пренабрегнал фактот на постоење на проблеми со судството на тој кандидат иако не верувам, не му биле познати. Се поставува прашање дали поддршката од ПЦЕР е условена со заменичкото место за труд и социјала за што пазарлак и трговија преговараше нивниот лидер Фаик Абди кој патем вообичаено ги поддржува и Сојузот за Македонија, го поддржува и претседателот на Републиката, нормално ја поддржува и оваа нова Влада.

VI/8.-

Либералната партија Сојуз за Албанците претставена преку колегата Хисен Рамадани, поддршка на новата Влада ја дава од причини најверојатно што голем број членови на оваа партија се професори на универзитетот во Тетово. Оваа новокомпонирана СДС политичка концепција повеќе од сигурно е спротивна на платформата на Сојузот за Македонија што непосредно значи директен атак и суштинско негирање на политичката позиција и авторитет и моќ на делување и влијание на претседателот на Републиката како прв човек на Сојузот за Македонија, на кого народот и граѓаните му дадоа поддршка. Многу е битно во овој момент да се потенцира дека претседателот на Републиката Глигоров е симбол и гарант на државните интереси и интересите на сите граѓани на Република Македонија и треба да се знае дека спротивставеноста на претежно еднопартиско организираната актуелна власт спрема политичките позиции на претседателот на Републиката Глигоров, а во функција на задоволување на политичките амбиции на највлијателната група во СДС околу Бранко Црвенковски однапред е осудена на пропаст и не е во интерес на граѓаните и државата. Се наведува на единствен заклучок следното. Глигоров со укинување на Сојузот за Македонија со отстранување од Сојузот на Либерална партија да се доведе во позиција член на СДС на кого шеф ќе му биде г-динот Бранко Црвенковски. Се е кажано и се е јасно. Методите на делување на СДС во рушењето на Сојузот за Македонија во преземањето на целокупната власт во државата и формализирањето на политичката улога на претседателот Глигоров се веќе познатите комунистички методи и тоа политика на свршен чин, наводна партиска одговорност на централниот одбор на СДС за настанатата политичка состојба во Републиката избегнувајќи и дислоцирајќи ја личната одговорност. Оперирање со наводна меѓународна поддршка и поддршка од претседателот на Републиката

што не е точно. Спојување и присвојување на државата од една партија СДС, избегнување на нови избори заради бојазност и резерва од неповолниот исход на истите. Постојното инсистирање на конфликтност по општините. На пример во Кавадарци помеѓу СДС и Либерална партија. И кога на ниво на општина Кавадарци како раководство на коалициони партнери досегашни ги договаравме начелните пунктови за соработка од заеднички интерес секогаш настапуваат скопските СДС јастреби од типот на Миљовски, Гунлер и генералниот секретар Поповски, оперирајќи со името на Бранко Црвенковски кој никако не дозволува односи на соработка меѓу СДС и ЛП баш во Кавадарци, па дури и за барањата надоместување на штетата од поплавите за граѓаните , цинички се условува од министерот Миљовски, средствата ќе се задоволат, но преку СДС, односно раководниот кадровик за Кавадарци г-динот Перо Грков и тоа како: така треба да се знае и само така може да се реализира. Тоа е ништо друго, туку апсурдна партиска СДС заслепеност апсолутна штетна за граѓаните. Тоа е партиски тоталитаризам во вршењето на државните служби. Последиците од сите овие промени на политичката структура на власта во Републиката се следните: укинување на Сојузот за Македонија чиј прв човек е г-динот Киро Глигоров создавање новокомпонирана политичка концепција на г-динот Бранко Црвенковски, која е погрешна, државнички неквалификувана заради отсуството на државничко искуство на тие што си ја водат без концепт и гаранција, а опасна за државата и граѓаните од аспект на загрозување на стабилноста и сигурноста на земјата, забавување на демократските процеси и економските форми.

**ПАНЧО МИНОВ**: (Продолжение)

Врз основа на сето горе изнесено, бидејќи е неспорно дека се работи со предлогот на новата Влада за приграбување на целокупната власт во државата, исклучиво со комбинаторики и логиката на проста математика, предлагам иницијатива за нови избори на кои единствено може да се верификува и да се потврди сопствениот углед и поддршка во граѓаните и виза ви резултатот од тие избори да се заземе и учество во власта.

Исто така, респектирајќи го расположението по повод реакцијата од најновите политички збиднувања на граѓаните, предлагам да се покрене од ова Собрание и иницијатива за изборот на Уставот на Република Македонија во кој неспорно ќе предвиди овластување, во дадени политички состојби, на односи на политички сили, овластување на претседателот на Републиката за распуштање на Парламентот и распишување на нови избори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Таири.

VII/2

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Ова што се случува во сегашниот миг сметам дека не е нешто што во Македонската политичка сцена се случува прв пат. Да потсетам дека и првата експертска Влада во повеќепартиски амбиент заврши не славно поради потребата ©д лоцирање на конкретната политичка одговорност. Сметам дека и сега на во малку изменети услови се случува нешто слично.

Се надевам дека со овој чекор кој што се доживува емоционално и за кој се изнесуваат спротивставени ставови ќе се поттикне заживувањето на демократските процеси кои според многубројните оценки се во застој. Исто така сметам дека треба да се поздрави од важноста што ја има Социјал демократскиот сојуз и премиерот од нејзините редови со преземање на ваков чекор и нарушување на сопствениот комодитет кој се чувствуваше во апликацијата на власта. Истовремено сметам дека не треба на либералите да им укажуваме колку убаво ќе им биде во опозиција затоа што тоа просто не е вистина.

Со неколку збора ќе се навратам на експозето на премиерот и ќе се обидам да коментирам некои ставови изнесени , а истовремено да потсетам на некои работи кои според мене се важни за одбележување.

1. Зборувајќи за позитивниот учинок на оваа Влада преми- ерот со право како големи достигања ги напомна зачленувањата на Македонија во ОБСЕ , Советот на Европа и на програмата Партнерство за мир. Тоа се навистина крупни достигања но ќе ја искористам приликата да потсетам дека членството во овие организации повлекува и обврска да се потпишат и ратификуваат одреден број документи кои понатака значат конкретни консеквенции и имплементација на истите во националното законодавство. Во оваа прилика посебно ќе истакнам еден момент кој што според мене е многу важен , а тоа е принципот на

забрана на било какви активности кои значат губење на еднаш стекнатите политички и цивилни права. Овој принцип е содржан во документите што Република Македонија треба да ги потпише и ратификува и обрнува внимание дека истиот во неколку наврати грубо се нарушува. Освен тоа и во документите во кои се третираат одредени прашања од доменот на правата на односно на националностите припадниците на националните малцинства/упатуваат на многу повисоки стандарди од постоечките во Република Македонија. Имајќи ја во предвид определбата Република Македонија да води во поглед на имплементацијата на истите во регионот,очекувам оваа Влада на овие прашања да им обрне поголемо внимание.

Искрено и посакувам успех на новата Влада и на премиерот во напорите да предизвика позитивни промени на економски план. Сметам дека ова ќе биде најтешкиот дел од работата што претстои пред оваа Влада. Тука не помага никаква реторика и резултатите од економските состојби секој од нас, а најповеќе обичниот човек ги чувствува секој-дневно заедно се некои други елементи -битни за една држава со ■ ваква национална композиција како нашата.

Зборувајќи за работи кои се планираа, а не се направени премиерот набројува неколку важни работи кои што сметам дека се погодени., Но исто така се надевам дека во обидот да се реформира политичкиот систем Владата ќе се позанимава и со преиспитување на некои закон кои во тек на нивната примена се покажаа како многу проблематички и кои им го загорчија животот на голем број граѓани. Тука пред се мисли на Законот за државјанство и несреќните измени во Законот за трговија, а се разбира и реформата која што треба да ја опфати државната администрација како една од поважните задачи што стојат пред оваа Влада.

Кога сме кај државната администрација очекувам од оваа Влада конечно да се започне со подобрување на националната структура на вработените во државната администрација, а со тоа да придонесе за надминување на присутната недоверба кај албанците а претпоставувам и кај припадниците од другите националности не исклучувајќи ја и констатацијата за општото незадоволство на граѓаните со државната управа.

На планот на политичкиот систем покрај наброените проекти очекувам пред нас да се најде и нов закон за избор на пратеници заедно со Законот за изборни единици. Мислам дека сегашниот Закон треба да претрпи неопходни измени за да може да се истргне од сомнителниот карактер кој што со право во одредени сегменти му се дава во поглед на нееднаквиот третман на гласовите на избирачите.

Во полето на културата очекувам од новиот состав на Владата и новиот министер продолжување на поддршката кон проектите од полето на културата за припадниците на националностите. Мислам дека во последно време имаше едно заживување во многу полиња и би било навистина жалосно доколку не се продолжи со поддршка на овие проекти.

Во продолжение ќе се обидам да коментирам одредени тези исфрлени од одреден број дискутанти во тек на вчерашниот ден.

1. Како прво би сакал да истакнам дека во потенцирањето на одредени личности кои што се наоѓаат во предлог листите за именување на министри и заменици министри од страна на координаторот на Либералната партија насетувам непринципиелна измена на фактите. Наместо проблемот директно да се лоцира во Партијата за демократски просперитет се иземстуваат работите и целиот проблем се лоцира во една или друга личност. Што на одреден начин упатува на размислување дека се бараат подобни личности од редовите на Партијата за демократски просперитет.

Мислам дека со ова размислување дефинитивно треба да раскрстат сите во оваа држава, нема веќе послушни и подобни албанци, туку има само такви кои што имаат легитимитет или немаат легитимитет од избирачите албанци. Јасна ми е целта на ваквиот став и причината за потенцираше на несогласувањето со поединци, а не со партијата која што стои зад нив бидејќи во спротивно тоа би значело исклучуваше на албнаците од политичкиот живот со несогледиви последици за стабилност на државата.

2. Во дискусиите на некои пратеници се забележува обид за предизвикување на конфузија и желба на наметнување на одредени тези и ставови кои што се ставови на одредена партија и се бара при- фаќање на тие ставови од страна на друг сосема друг политички субјект Ќе се обидам некои од тие тези кои се развиваат да ги коментирам и да потсетам на некои факти кои што одговорни политичари не би требало никако да ги занемарат.

*

*　　　　*

Се бара воспоставување на неопходна комуникација со Владата односно одделни министри и министерства ( што е сосем нормално) односно ПДП а од друга страна се обвинуваат другите односно ПДП за иста таква соработка но на уште повисоко ниво и во вид на учество во власта.

Се обвинува одреден политички субјект за демагогија празна реторика недостаток на платформа за делување, а од друга страна како алтернатива не се нуди ништо друго освен таа празна реторика, замаглени визии за реализација догмата која што познато е во историјата што може да им донесе на приврзаниците на истите. Од страна на еден мој колега пратеник потенцирајќи ги проблемите со кои што се соочуваат граѓаните од албанска националност се чувствуваше дека исти се користат за политички цели и дека нема желба конкретно да

се поработи за надминување на истите. Наместо со сите тие проблеми кои беа истакнати од ова место да се излезе конкретно пред ресорниот министер и да се обиде на лице место да се решаваат проблемите, само се мафта за одредени политички цели. Би сакал да напоменам и истовремено да советувам дека јас со моите сопартијци секојдневно се заминавме со такви и слични работи и во директни контакти со Владата, со претставниците на министерствата и со претставници од администрацијата се .обидуваме да ги ублажиме постојните проблеми кои не еднаш сме ги потенцирале. Тој проблем прво е расправан и на други места како што е на состаноците со Герт Аренс од страна на претставниците од некои партии се негодувало затоа што се занимаваме со небитни работи.

Понатака се исфрла тезата дека статусот на албанците не зависи од бројот на министрите туку од глобалната перспектива. Навистина е чудна таа перспектива во која нема да има претставници во органите на власта и за мене лично таа теза е несфатлива.

ПДП се обвинува за легализирање на антиалбанска политика во меѓународни рамки заборавајќи дека токму за ваква политика ПДП доби апсолутна поддршка од избирачите и токму заради тоа нема право д: експериментира, односно да води некоја друга политика која им беше понудена на избирачите и од нив го доби одговорот. Истите тие избори со огромно мнозинство ги отфрлија тие тези. Партијата за демократски просперитет ќе ја смени својата политика, не поради желба на еден друг политички субјект туку само во случај да дојде до констатација дека оваа политика не овозможува прогрес во меѓунационалните односи и дека се загрозени виталните национални интереси на албанците во Република Македонија. Да повторам дека нема да ја смениме нашата политичка платформа поради искажаната желба од еден друг самостоен политички субјект со сомнителен кредибилитет.

Што се однесува до одговорноста што треба да ја сносиме за оваа

политика, им порачувам на сите тие кои што ни упатуваат такви прекори дека сме длабоко свесни за тежината на нашата задача и истото им го порачувам и на другите да се однесуваат одговорно кон многу сериозните работи.

Вчера имавме прилика да слушнеме и некои други работи кои не се изнесуваат за прв пат и за кои во разни прилики ние го имаме изнесено нашиот став, но заради јавноста тоа и денес ќе го направам.

1. Беше спомнат случајот Бит Пазар со јасно алудирање на одговорноста што ја има ПДП и неискрената работа на претставниците на ова партија. Не е прв пат да се користи една несреќна околност за политички пресметки и тоа станува својствено за некои господа. А што се однесува до нашиот ангажман граѓаните од тоа подрачје многу добро знаат кој каде беше во тие мигови и кој што правел. Тој што беше со нив сигурно не е господинот што таа работа само ја нафрлува за да обвинува и тоа за жал го прави на погрешна адреса. Партијата за демократски просперитет со своите активисти и другите свои органи ги презеде сите неопходни активности за расветлување на овој случај, дури се стави во улога на полицаец во овој случај. Истиов материјал беше доставен и до собраниската комисија, а исто така и во Форумот за човекови права од Гостивар кој што колку што ми е познато има поднесено тужба против Министерството за внатрешни работи, барајќи конкретна одговорност. Од познатите причини односно од политичкиот амбиент кој владее во Републиката, во моментот е невозможно да се оконча овој случај т.е. да се потенцираат одговорните. Но, напомнувам дека од наша страна сите неопходни активности се извршени на многу високо професионално ниво, тргнувајќи од фотографиите, изјавите и сите други материјали кои се доставени до сите релевантни органи. Во оваа насока дури можеби сме ги пречекориле нашите овластувања, но тоа сме го направиле.

VII/8

2. Таканаречената паравојска односно аферата со оружјето е работа за која што токму тој и тие што ја спомнуваат обвинувајќи ја ПДП и одредени личности од раководството на оваа партија треба да се посрамат за улогата што ја имаа во целата оваа работа и односот кон некои луѓе кои покасно ги зедоа многу неискрено во одбрана. Ова е уште еден пример на користење на една несреќна околност за познатите цели.

3. Се спомна пописот за кој што ние званиено го искажавме нашиот став дека поради големиот број на пропусти го сметаме за невалиден. Но, нека се прашуваат самите господа кои што не обвинуваат колку допринесоа со својот однос бројките да бидат такви какви што се.

4. Универзитетот во Тетово се истакнува како голем успех на поединци и партии кои се обидуваат да поентираат со таа работа. Им препорачувам на сите тие што многу го сакаат Универзитетот во Тетово да го остават слободно да работи да не се задуши од толку многу сакаше. Што се однесува до партијата за демократски просперитет таа е можеби единствената политичка партија што многу одговорно се обидува да створи поволна клима на меѓусебна доверба како предуслов за решавање на ова витално прашање за албанците во Република Македонија.

5. Како многу неповолни беа оценети состојбите предизвик од законот за локална самоуправа и положбата на албанскиот јазик. Уште еднаш сме сведоци на една иста практика од едни исти луѓе кои само ги констатираат работите додека некој друг се обидува во тек на усвојувањето со интервенции да ги ублажи неповолните оценки кои и понатака стојат за овие прашања. Би требало самите да се замислат к.1ко и колкав беше нивниот учинок по однос на овие прашања.

VII/9

6. Многу наивно делуваат изјавите дека ПДП не знае што прави и дека наивно има влезено во игра. Овие размислувања се навистина наивни и не заслужуваат посебно внимание освен да се спомнат како куриозитети, а по однос на оценката дека сме марионети во оваа Влада се насетува нивото и невкусот, а истовремено упатувам на размислување дали со таквата политика самите се во позиција на нечии други цели односно дали не се реализаторите на одредени цели. Оваа политичка гарнитура знае зошто е тука и има јасни визии за натамошните активности.

7. Вчера слушнавме некои корисни совети по однос на тоа како треба да се водат разговорите за учество во Владата и кои министерства се важни а кои неважни, односно што требало да побараме, а што ни е дадено. Исто така, вчера дознав дека ментор на нашата партија е г-динот Фрчковски. Мене тоа не ми било познато, но сериозно ќе размислам и ќе предложам до нашата партија да го смениме менторот и да го прифатиме г-динот кој самиот се понуди.

И на крајот да завршам со една анегдота позната на сите нас од школските клупи, анегдота што упатува на овие состојби: обвинувањата за нашето учество во Владата ми личат на бајката за лисицата која не можејќи да го дофати грозјето заклучила дека е многу кисело.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Фаик Абди има реплика.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван г-дине претседателе, дами и господа пратеници.

Иако бев надвор, добри пријатели мои токму од Либералната партија ми кажаа што еден член, наш колега пратеник, зборуваше за мене. Го спомна моето име и кажа како да сме се распродале само заради добивање некои места во Владата итн.инт.инт.

Јас, овде, пред целата јавност на Република Македонија изјавувам и кажувам во својство на претседател на партија која што е многу мала, која има членови не 500 за регистрација, туку на список 37.600 а има и други кои се членови на други партии, мислам Роми, а и кои не се Роми ги имаме кај нас во партија, дека, а имале во Владата некого - а немале, ние ќе бидеме секогаш на таа страна.

Ние, никогаш нема да заборавиме она што претседателот Глигоров тој човек, голем работник и човек што тешко може да погреши, што направил тој и овој г-дин, нека ми прости што викам овој овде, г-динот Стојан Андов, сите други членови на Уставната комисија кои стоеја на наша страна елаборирајќи го нашето барање за националност, ние заправо добивме националност во оваа држава, во оваа земја. Тоа никогаш нема да се заборави. Само будала човек тоа може да го заборав Или пија човек кој само пие и љока и ништо повеќе. Ова е едно.

Втора работа, наоѓајќи се сега во еден теснец уште за време на Сојузот за Македонија кога се создаде, ние не бевме во Сојузот. После тоа дадовме апел сите да гласаат за Сојузот. Овде има пратеници ако не повеќе, сигурно една третина, ако нашите гласови отидоа на друго место, јабана, тогаш немаше да бидат во овие клупи, ќе беа таму каде што се на работа. Сигурно гладни немаше да останат.

Значи, ние помогнавме да биде она што бидна. Меѓутоа, бидејќи сега тој Сојуз, таа љубов се расклопува, ние сме на оваа страна. Тука е премиерот, тука е министерот на нашата војска, така да го речам, на одбрана, ние се договаравме, а после тоа во поширок круг се договаравме, а имало - а немало , ние ја поддржуваме власта на г-динот Црвенковски и голем респект кон претседателот на Република Македонија. Ист респект имаме, јас вчера го кажав тоа, малку некој се смееше, меѓутоа ние сме пријатели со сите тие со кои оваа држава ја создадовме тука. Има млади луѓе, млади деца, опростете што велам деца, што не беа тука присутни, преку телевизија гледаа, до 4 часот не спиевме сабајле овде само да не дојде до војна, да ја створиме Македонија. И токму кога требаше овде сега да бидеме најединствени, дојде до овој раскол овде меѓу нас за да може некој да ни се смее, да може светот да ни се смее и да размисли, чекајте да видиме каква ќе биде таа влада па после да помогнеме. Зошто може да дојде до тоа. Бидејќи ние сме снимени овде. И сателити, и атентати и амбасади, сите знаат што ние правиме овде. Тоа ќе ни се пише минус, на било кој начин, кој како сака нека смета. Тоа е за нас минус. Но, тоа е ствар! до тоа дојде. Таа состојба дојде и мора да се расчисти.

Економијата за која што вчера разговаравме, за што и јас малку разговарав, тоа е една работа што не зависи од нас. А, молам, еве тука се претставниците при искажувањето сигурно ќе земе збор г-динот претседател на Владата да даде одредени објаснувања, нека каже дали ние, нашиот услов беше тоа ние да имаме, ние баравме, меѓутоа и ако нема ништо, пак ние сме тука со вас. А не заради тоа што ни е понудено нешто, па ај, голема работа дали сме имале двајца- тројца таму помошници во армијата дека имаме таму или еден заменик ако случајно имаме. А, што ќе добиеме? Понапред ќе одиме?

VIII/3.-

Не сакаме да го запреме процесот на еманципацијата. Ние почнавме. А имало помошници - заменици, а немало. Ние одиме напред. Да се разбереме. Ние одиме и ќе одиме. И, нема враќање назад. Тоа е нашата девиза и за тоа ние постоиме. Се додека сум претседател на таа партија така ќе оди, без разлика што некој млад човек или постар или не знам што, како што ми направија за првиот ден на Бајрам, јас на гробишта не бев заради моите случаи, моите пријатели знаат дека јас сум во голема тага, ме замолија од една телевизиска куќа да дојдам тука некаде во канцеларија. Не дојдов. Снимање дома. 15 минути разговарав. Дадоа во телевизија А-1 само 2 минути. Па, подобро да миречеа лежи, спиј си малку да те снимиме и кажи дека си будала, а не тоа што го дадоа. Тоа е срамота. Тоа е срамота за новинарството Тие се млади луѓе. Тоа ќе им штети во животот ако така се однесуваат

Тоа важи и за колегата кој што кажа дека во ПЦЕР Фаик Абди пристанал заради тоа што тоа и тоа. Тоа е млад човек. Ќе му штети во животот.

Благодарам што ми дадовте збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Османи има реплика.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Имајќи предвид дека живееме како....

(галама во салата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам г-дине Абди седнете сега. Господине Абди седнете.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Имајќи предвид дека како држава и народ живееме во контаминиран амбиент за живеење, не случајно имаме и контаминиран

политички  амбиент во кој, како најголеми контаминери и заблудувачи спаѓа токму Партијата на претходниот говорник, значи пред г-динот Абди, па во таа смисла за да се расветли малку овој контаминиран политички амбиент од аспект на таканаречената платформа на таканаречените албански претставници во таа егзекутива, јас барам директно од г-динот премиер да се обрати на овој Парламент и јавно да изнесе која е таа платформа и сите тие работи кои денеска се дискутираат, а кои се јавни. Само така ќе дојдеме до вистината.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам кога ќе зборувате овде да зборувате за претставници на граѓаните Албанци во Македонија, а не на Албанците воопшто.

Одиме понатаму. Има збор г-дин Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Денеска пред нас е предлогот за разрешување на министри во Владата и предлогот за избор на нова влада на Република Македонија.

И покрај сите напори ова да се прикаже како нормален избор на Влада, сепак правиме две точки во дневниот ред, во никој случај не значи дека ние денес одлучуваме за менување и избор на Владата.

Со денешното наше однесување и гласање како претставници на највисокиот законодавен дом, ние, на подолг рок ги одредуваме правилата на однесување на политичкиот живот на Република Македонија и истовремено потврдуваме како во практика на нашето дејствување ќе заживеат уставните начела за парламентарна демократија.

Затоа, според пратеничката група на Либералната партија чинот на гласањето по предлог на премиерот за разрешување и избор на нова Влада е чин на преземање одговорност на сите нас пратеници кои кон

три посебно важни прашања за развојот на демократскиот процес на Република Македонија:

1. На подолг рок ќе го одредиме односот на законодавната и извршна власт, односно дали ќе имаме јасна поделба помеѓу нивните или ќе дојде до спојување на законодавната и извршна власт.

2. До кој степен ќе дозволиме мешање на партиите во законодавната и извршната власт и во што треба да се состои партиската одговорност за функционирање на власта.

3. Постоењето на поединечна одговорност и нејзиното јасно лоцирање како предуслов за развој на парламентарна демократија.

Зошто сметам дека со денешната седница носиме голема одговор ност по овие суштински прашања за демократските процеси на Република Македонија, ќе образложам што е можно пократко:

Прво, законодавната власт или претставници сме ние 120 пратеници во Собранието на Република Македонија, конституиравме на изборите во октомври 1994 година. На тие избори 90 и неколку пратеници од вас излегоа на изборите како кандидати на еден единствен политички субјект Сојузот за Македонија. И покрај кандидатурата на секој од тие кандидати стоеја три партии: Либерална, Социјалдемократскиот сојуз и Социјалистичката. Граѓаните бираа кандидат на еден политички субјект со една изборна платформа, на која беа дефинирани краткорочните и долгорочните цели на Сојузот, а чиј креатор беше претседателот на Република Македонија, г-дин Киро Глигоров. Граѓаните не знаеја или барем малку од нив знаеја кој на која партија припаѓа и која партија го поддржува. Бидејќи, било кој граѓанин да дојдеше и да се сликаше со г-динот Глигоров ќе беше тука во овој дом.

Со предлог на новата Влада што го поднесе премиерот Бранко Црвенковски се растура тој политички субјект. Во случајот кога денес

ја имаме нашата обврска, да ги известиме граѓаните кој пратеник на која политичка партија припаѓа и на која платформа ќе работи.

Затоа, пратеничката група на Либералната партија ќе ги објави пратеници кои ќе дејствуваат посебно до партиите како партиципенти во Владата. Во отсуство на договор за тоа како сме работеле, мора да потенцирам дека основното тежиште беше како партиска програм. на СДСМ да се наметне како програма на Сојузот. Со денешната седница тоа и се остварува.

За ова имаше можност, бидејќи СДСМ предложи двапати повеќе кандидати за пратеници и сега има двапати повеќе пратеници, со што може многу повеќе да влијае во одлучувањето на Собранието. Не е воопшто спорно дека таквото право треба да го имаме. Не може да бара од коалиционите партнери во таква ситуација да ја дели подеднакво одговорноста. Ако имаше двапати поголемо право на одлучување имаше и двапати поголема одговорност за одлучувањето за одлуките што се носат но не можеш да бараш од партнерите иста одговорност.

За да се подели одговорноста при формирањето на претходната Влада, Либералната партија ги кажа своите принципи. Врз таа основа и се формира Влада на Сојузот во декември 19 94 година. Тогаш од пратениците и партиите се бараше на премиерот да му се дозволи сам да ја предложи платформата на владата и да се ослободи од разните партиски влијанија. За тоа добро се сеќавам дека во јавните гласила доминираше тезата дека мора на мандаторот да му се даде слобода тој самиот лично да одлучи:

1. од кои партии ќе ја состави Владата.

2. за кои ресори какви министри се потребни и со какви политички ставови.

3. кои се критериумите за избор на личности, морални, стручни партиски.

4. што ќе работи таквата влада, врз каква платформа и што треба да оствари.

Ваквиот став беше бранет со аргументи дека тој е премиер и тој мора да има слобода при избор на личности. Дека тоа му било овозможено тој го потврди во своето излагаше на седницата на 20 декември 1994 година:

"Персоналниот состав на новата влада што ви е доставен за една седница е резултат на мои лични видувања. Меѓутоа и на преговорите што ги водев со политичките партии. Би сакал да им изразам јавна благодарност на оние политички партии кои ја поддржаа мојата кандидатура за мандатор за составот на новата влада. Да се заблагодарам на кандидатурата за мандатор за составување на новата влада, да се заблагодарам на начинот кој е коректен, односно во фазата за преговорите и посебно да се заблагодарам на јавно презентираната поддршка".

Во однос на составувањето на претходната влада, пратеничката група на Либералната партија ги презентираше следните ставови:

"Принципите што ние ги предлагаме, всушност во коалицијата на Владата не се прифатени. Мандаторот во експозето не ја изрази зошто не ги прифаќа тие принципи. Тој не кажа дали контролата во отсуство на опозиција не е потребна. Тој исто така не кажа зошто има таква концентрација врз таканаречените државни ресори во една партија.

Што се однесува до предложените личности од Либералната партија ние сметаме дека мандаторот навистина извршил добар избор во согласност со нашата сугестија да се избираат компетентни и стручни луѓе. Но, од распоредот и бројот на министерските места произлегува дека нашите предлози за организација на власта и за контрола меѓу партиите мандаторот не ги прифати.

VIII/8.-

Презентираните определби на мандаторот се во рамките на определбите што ги презентираше Сојузот за Македонија во предизборната кампања. Но, сметаме дека се доста воопштено искажани што на одредени

кон граѓаните ни е таа да не го сториме само врз основа на партиските ставови.

Второто прашање е да кажеме треба да одиме партиска одговорност за функционирање на Владата. Премиерот, во своите изјави бараше политичка и одговорна влада. А, не слоеви на граѓани не им,е овозможено да ги почитуваат вистинските намери на Владата, посебно кај оние што се од непосредно влијание на животот на граѓаните.

Според тоа и покрај забелешките што ги имавме, што ги изнесовме тука, сакам да го запознам Собранието дека нашата пратеничка група го поддржува составот на Владата и сака да гласа за него".

Од ова јасно се гледа дека секој се држел на своите уставни позиции. Пратениците да ги коментираат предлозите на премиерот. Но, при разрешувањето што го имаме денеска на дневен ред нема никакво образложение зошто тоа се прави.

Па, почитувани пратеници, на основа на што ние да се одлучуваме за предлогот? За да се воведе системот на парламентарна демократија и контрола на извршната власт треба да се даде отчет што до сега е направено, што не е направено и поради што се разрешуваат овие министри. Неспроведување на одлуки на Влада, неспроведување на закони, има ли незадоволителни резултати и неспроведување на партиските одлуки? За да може да ја извршиме нашата обврска за гласање мораме да имаме минимум аргументи врз основа на кои ќе се одредуваме.

Обврската кажа зошто досегашната не била.

VIII/9.-

Ова од причина што, како прво, за политичка и одговорна влада треба одговорен премиер кој ќе ја предложи политиката за која ќе бара поддршка. Ние тоа го немавме ни при избор на претходната влада, ни сега со предложената нова влада.

Како два, каква одговорност од партиите бараме? Одговорност за спроведување на законите или поддршка за нивното не спроведување? Одговорност за прифаќање на предлозите на закони или нивно одбивање? Ако бара политичка одговорност и партиска поддршка за делување на Владата при спроведувањето или не спроведувањето на законите, тогаш тоа нема никаква врска со парламентарната демократија. Ако бара поддршка за донесување на законите, тоа значи бегање од парламентарната расправа во Собранието.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ**: (Продолжение)

3. Ниеден законски проект не бил бранет пред нас пратениците со партиска програма или како платформа. Напротив, законските проекти од областа на политичкиот систем беа бранети со аргументи дека тие биле одобрени од Советот на Европа, а предлозите од економската политика дека тие се договор или тоа е барано од ММФ и Светската банка. Дали ова значи дека ќе бараме политичка одговорност од оние институции, сепак мислам дека целата одговорност ќе падне на нас пратениците. Значи денеска го утврдуваме идниот однос кон законодавната и извршната власт, а тоа е дали тие ќе бидат издвоени власти, или преку фразата за партиска одговорност тие власти ќе се спојат и ќе се вратиме малку наназат за 40 години. Оваа дилема ја поставувам за да ни биде нам и на граѓаните јасно кој ќе одговара за работењето на идната Влада, премиерот, или пратениците. И пред кого треба да се полага сметката, пред премиерот или пред пратениците. Без разлика што според Уставот Владата одговара пред нас пратениците, треба да се знае кому ќе ја препишеме одговорноста на идната Влада. И следниот аспект е прашањето на одговорност како предуслов за развојот на парламентарната демократија. Многу е интересно зошто премиерот не дава поединечно образложение, зошто предлага разрешување, затоа може да има две причини. Или нема аргументи, или сака да ја прикаже својата одговорност зошто од неговиот избор на 20- членови на Владата, 9 разрешувања и 6 разместувања, дали неговиот избор пред 14 таков беше лош, бидејќи и во двата случаја наша е одговорноста доколку сме кренале два прста за негови1: предлози. За да го поткрепиме ова, би потенцирал три клучни точки на кој премиерот имаше спор со Либералната партија и на кој тој упорно го задржуваше и развиваше својот став, а сега прави промени.

IX/2.-

Иљјаз Сабију дали ги прифакаше забелешките на Либералнат партија затоа што беше потписник на основниот акт на Универзитетот во Тетово и ако е тоа така зошто сега му текнало кога му беше сугерирано при изборот на Владата. Или што не ги исполнуваше задачите во областа што ја покриваше. Ако е ова второто, тогаш тоа не го занел претходното бидејќи тој го водеше истиот ресор уште во првиот мандат на Владата на г-дин Црвенковски.

Јане Миљовски, зошто го дерогира од министер за финансии за министер без ресор, затоа што е празен Буџетот и затоа што има промашување во макроекономската политика.- Дури и да постојат трети причини зошто не се дава одговор дека премиерот ги потврди забелешките на Либерална партија.

Љубомир Фрчковски, премиерот му ја прифати оставката заради истрагата и безбедноста на државата. Зошто сега ја преместиле ја заврши истрагата што толку многу се подобри безбедноста. За маса не одговорени прашања и за конфузијата која поради тоа произлегува од предлогот на премиерот Бранко Црвенковски кој предлага Влада без концепт и одговор пред самиот. Но само додека ние не гласаме, но од моментот на нашето гласање доколку ги прифатиме неговите предлози, тогаш одговорноста паѓа на нас пратениците. Затоа почитувани пратеници кај нас лежи најголемата одговорност за тоа во кој правец ќе се определиме за развојот на демократските процеси. Во секој случај најголема одговорност ќе падне на нас и од нас тоа не може да избега. На крајот да заклучам. Би го замоли премиерот Црвенковски во име на вистината ако има барем малку чувство на одговорност да стане пред оваа говорница и да каже дали има виза од г-динот Глигоров за трите министерски места:

IX/3.-

Народна одбрана, внатрешни работи и надворешни работи. Да стане од оваа говорница да каже дали денеска ние го легитимитираме, односно институционираме тетовскиот Универзитет и да каже дали оваа Влада ќе носи одговорност за промена *на името на Република Македонија.

IX/4.-

**БЛАГОЈА СИЛЈАНОВСКИ:**

Конечно доживеавме. На Република Македонија и се случи Парламент. Требаше да изминат 14 месеци, па да смогнеме сили да и соопштиме на јавноста дека решивме да ја завршиме играта - парламент.

Па тогаш зошто е оваа нервоза. Зошто ја вознемиривме јавноста чија преокупација веќе е атмосфера во која работиме? И должевме ли на нашата јавност ваква слика за нас?

Вчера и денеска во парламентот се игра натпреварот на две репрезентации во кои едната елита напаѓа, другата треба да се брани. Кој кого напаѓа и кој од кого во ова наше државиче треба да се братни

Слушнавме низ нападот распад на Сојузот за Македонија. Солзи се лејат на лицата кои не дозволија Сојузот во законодавната и извршна власт да заживее. Му ја зедоа душата како на недоносено новороденче. Но, на 20 декември 1994 никој не плачеше по новороденчето. Тагата не се ни почувствува под велото на големите интереси. Едноставно, се мислеше дека се е можно: и позициите во сопствената пазува и гордоста од она што други ќе мораат да го прават. За секој случај е обезбедено алиби: ако н ештата не одат како што треба вината нема да биде наша.

Слушам во една дискусија некој трага по основаноста и по легитимитетот на премиерот да понуди Влада. Мислам е најблаго - несериозно да се бара легитимитет кај партијата на која и припаѓа половината парламент. Слушнавме вулкански изливи огорченост за состојбите во стопанството. Никој не рече дека државата во која некој службеник во надлежност на владата или парламентот нелегално зема две и повеќе плати од премиерот или претседателот на државата и дека таа држава мора да биде ваква каква што е нашава Македонија. Го боли ли плачот на децата на невработените, на социјално исцрпените, на стечајните, директорот на некое јавно претпријатие.

IX/5.-

Слушнавме револт што во Владава премиерот се дрзнал па ни понудил научни работници. Па тогаш зошто тагуваме по младите стручњаци од кои светот негрозејќи се широко ги прифаќа.

Ми слежнаа главоболките од- обесправеноста на некој си народ во Република Македонија. Па зарем македонскиот народ е посит и со поправа, овде кај нас, или кај и да е раштркан во бескоренот светски. Некој вели останале неписмени зошто им било оневозможено школуваше. Ги читам биографиите на луѓето на двете листи и гледам дипломирани и во Скопје, и во Белград и во Приштина, утре ќе имаме дипломирани во Тирана, во Софија па дури и во Соединетите американски држави и зарем не е сето тоа наше големо богатство.

Туку кај нас може се, па и чиракот да му ги кажува вештините на занаетчијата. И тоа е, велиме, демократија. Може би овие состојби можат да се сметаат за израз на демократијата,но тогаш ќе мора да се именува - македонска демократија.

Бранко Црвенковски меѓу чеканот и наковалната. Од оспорен до лудо енергичен зачудувачки смел за соочување со предизвикот. Впрочем, како и досега.

И јас не сум начистот да истурам грст прекори што врз себе го носи времето што му припаѓа на некој друг, што не рече на 20 декември 1994 дека може да состави Влада и без самонаречените експерти и да
положи сметка за оваа голема вина. Да го поддржам неговиот концепт што е израз на прескапо претплатената сметка во ресторанот "Безизлез"'

Настојувам да бидам мудар, но немам одговор ниту пред себе ниту пред мојот Охрид и пред Струга, ама ич. Симпатични ми се пратениците од ПДП, ама бре пријатели, зарем ова е вашиот оптимален кадровски израз и вашиот интерес во листата на замениците министри. Скапо ни ја продадовте стокава, драги пријатели, а ќе ви ја купиме за што никој друг ами браќата по крв не присилија по тоа. Едните крај нас овде другите вон

парламентот. И тие сакаат да спечалат на сево ова, туку државичево не ќе ни се викаше од памтивек Македонија, ако не бевме такви. Сите го споменувавме претседателот Глигоров, ама од себе и за себе. Па нели него повеќе го цени и вреднува светот од сите нас заедно

Сево ова не носи во недоглед. Туку да си ги смогниме силите и да си признаеме: едните дека ни е страв од одговорноста во времето што доаѓа и дека не сакаме да си ги изгубиме позициите и интересите во сферата на капиталот и парите, добрата живеачка во семејствата и за идниот век - другите дека ризикуваат пак да одат во бездна. И пак осамени.

Но така ќе биде зашто и не може поинаку, зашто ние сите тоа го баравме, сите го сакаме и не мајки друга алтернатива сите ние она што го баравме, она што го сакавме ќе си го гледаме.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега ќе ја прекинеме седницата, ќе продолжиме во 15,00 часот.

X/1.-JJ/МЛ

(Продолжение на седницата после паузата во 15,05 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине претседателе, сакам во името на пратеничката група на СДСМ да ве замолам, доколку е можно, расправата вечерва да продолжи и после 17 часот или 18 до гласањето за новата Влада. Причините се познати на целокупната јавност. Со тоа не сакам апсолутно да го ускратам правото на пратениците да учествуваат во расправата, а во прилог на тоа сакам да информирам дека најголемиот број, до колку се договориме така, на пратеници од СДСМ кои што се јавија за дискусии ќе ги повлечат своите дискусии. Ова не е никаков преседан, деловнички ми е сосема јасно кој одлучува за на- чинот на водењето на седниците, почетокот и завршетокот и т.н., а еве сакам едно разбирање, заради вкупните состојби во државата, во отсуство на Влада и функционирањето на администрацијата. Сме се договарале досега да работиме и до 19 и до 20 и до 21 часот. Еве јас оваа молба во името на пратеничката група сакам да ви ја пренесам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не гледам никаква причина, за некоја вонредна состојба. Мислам дека сите апели што беа овде укажувани дека е ова една нормална појава, треба да си остане како нормална појава, никој не треба за еден или друг атер да ги повлекува дискусиите. Треба да продолжиме како што работиме нормално и ако можеме да завршиме до 17,18 часот, ќе завршиме, а ако не ќе продолжиме и утре ќе завршиме.

(Во меѓувреме се јави за збор Наќе Стојановски).

За тоа не може да се расправа и не може.

(Истовремено повторно се јави Тито Петковски). Може ако имате друг предлог.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, сепак, јас ви реков знам кои се функциите на претседателот на Собранието, но заради демократска процедура, сепак молам предлогот да работиме вечерва до гласањето за нова Влада да се стави на гласање на Парламентот, за да го имаме односот на Парламентот кон ова прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во деловникот траењето на седниците и водењето на седници- те никој не може да му го оспори на претседателот. Ако на било кој начин сакате мајоритет да воспоставите, тоа можете, но се разбира, тоа е надвор од Деловникот. Затоа да продолжиме да работиме.

Збор има госпоѓа Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Господине претседателе, колеги, во интерес на договор околу седницата, јас би отстапила збор до колку има потреба да се договарате за текот на седницата и би дошла на говорница после расчутувањето на процедуралното прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас морам уште еднаш да ви кажам дека не можеме овде да правиме договори за седницата, за она што не е предвидено во Деловникот. Инаку договорот е направен на Претседателството и заседовме став да работиме сосема нормално како во сите услови.

Х/3.-

Добро, госпоѓа Митрева само малку причекајте и тогаш господин Наќе Стојановски дојде и каже да видиме што процедурално приговара.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа јас само сакам да го потсетам претседателот дека ние пет години овде со вас на чело како што ги водите седниците и за кој во овој Парламент е создадено едно преседенско процедурално правило, вие секогаш после за продолжување на седници баравте согласност од Парламентот овде. За тоа постојат безброј примени во стенограмите. И веќе е создаден извор на процедурално однесување за овој Парламент, ве молам. Тоа е првото прашање. И никако не можете да се повикувате на голите деловнички одредби кои некоинцидираат со новиот Устав. Вие, добро знаете и вие добро го применувавте тоа цели пет години овде. И ве молам, ваквиот предлог треба да се даде на согласност на Парламентот. Никако не ви се оспорува вашата деловничка улога и функцијата во водењето на Парламентот. Ако не се почитува волјата на ова Собрание и ако тоа се вика мајоризација, тогаш јас немам на што да ставам забелешка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Времетраењето на седницата и закажувањето на продолжувања е во надлежност само на претседателот.

Има збор госпоѓа Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Почитуван претседателе, колеги очекувани дури и предвидливи беа насоките на неколку од дискусиите што денес и на вчерашниот ден се разлеваат од оваа говорница. Очекувани, затоа што подолго време

политичките партии испраќаат сигнали, емитираа пораки, заземаат ставови во врска со политичката акција која што, ако се договориме денеска, ќе добие свое финале во Парламентот на Република Македонија - реконструкција на Владата, односно избор на нов состав на Владата.

Предвидливи, пак, беа овие дискусии зашто однапред се јасни позициите од кои се настапува. Она што не можеше да се предвиди а се случи, е скромниот политички дострел на дискусиите од Либералната партија. Под плаштот на таканаречената конструктивна критика упатена кон Владата и кон СДСМ како носечки чинител на таа Влада, всушност се крие потребата од покритие за сопствените кусогледости за потезите од ситен маштап со кој ниту се прави историја, а камо ли, уште помалку сегашност. Всушност, критиките имаат помалку за цел да ја кажат вистината. Тие треба да го покријат или да ги покријат сопствените неможности, да се сфатат основните постулати на парламентарната демократија, концептот на одговорноста и концептот на заменливост. Одбивајќи политички да учествуваат во Владата на Црвенковски, Либералите го дадоа првиот знак на сопствениот политички игнорантизам. Сегашните аларментации кои што прозвучуваат во големи количини од оваа говорница, не се ништо друго освен длабоко жалење за фактот што не се земени предвид и во овој состав на Владата и исто така укажуваат на фактот дека постои длабоко недоразбирање и на принципот на заменливоста на секоја власт. Во демократ ските општества во кои што уредувањето се вика парламентарна демократија, поимот одговорност е аксиом. Од степенот на одговорноста на политичките субјекти, што политичките субјекти на власт ја преземаат, во крајна линија зависи карактерот на општеството и негова та отвореност, нагорната линија на неговата демократија. Во историјата се познати примери кога дури и во недемократски системи, суверените или

владеачката олигархија, макар и како формално покритие како привид, бараат начин за одговорност. Убедена сум дека оваа реконструкција на Владата, низ аргументот што овде е соопштен како политички одговорна Влада, му задава конечен удар на лагодниот, салонски манир на учество во власта без последици, т.е. без поделена одговорност, како што беше случајот со учеството на либералните експерти кои ја немаа парламентарната поддршка од својата партија. Тоа укажува на фактот дека, исто така, ќе се одлучиме за не толерирање на нешто што има елементи на политичка хипокризија и во кое што однесување во еден момент се прават коалиции на едно ниво, а во друг момент на друго ниво.

Втората консеквенца од оваа реконструкција, јасно и става до знаење на јавноста е цврстата убеденост во суштината на демократијата. Нема влас дадена еднаш за секогаш, ниту незаменлив функционер. Еднаш министер, повеќе не значи за секогаш министер. Заменливоста на протагонистите на власта е јасна придобивка на системот во кој што живееме.

Останува уште еден елемент кој во жарот на политичките полемики и медиумската опседнатост со нив, речиси, беше изоставен, се разбира од нашите и колективни и политички анализи. Тоа е оној крупен чинител кој одлучува за тоа каква власт ќе има и кому ќе му ја довери. Тоа е народот, тоа е граѓанинот, тоа се избирачите и гласачите. Трпеливоста и сериозноста на тој чинител на кој што во последно време од разни страни му стигнуваа пораки за внатрешна дестабилизација, за рушење на надворешниот углед на Република Македонија, поради севкупните феномени врзани за оваа реконструкција, значи трпеливоста и сериозноста со кој тој чинител, велам народот, граѓанинот, гласачот ги следеше последниве настани, политичката зрелост што ја покажа во

овој разбрануван амбиент, јасно укажа на фактот дека власта треба да го заслужи својот народ. Само во функционална влада која останува на своите определби, во случајот Платформата на Сојузот за Македонија, и само одговорен парламент во кој што ќе има помалку политички егзибиции, а повеќе спрегнатост во законодавните активности, можат да го оддолжат својот долг кон оние што на последните избори им ја дадоа својата доверба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Славе Наумовски.

**СЛАВЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, изолираниот настап на почитуваната Митрева во однос на скромниот дострел на дискусиите на пратениците од Либералната партија, сметам дека ќе остане изолиран. Премиерот господин Бранко Црвенковски, денес меѓу другото предлага и разрешување на министерот за надворешни работи господин Стево Црвенковски. Премиерот го турна настрана шефот на македонската дипломатија со чии резултати од работењето до вчера се гордееше и ги истакна како еден од најголемите успеси на Владата на чие чело се наоѓа. Господин Стево Црвенковски стана министер за надворешни работи кога нашата земја беше призната само од неколку држави и кога беше во потполна меѓународна изолација. Со него на чело на Министерството за надворешни работи, нашата земја стана членка на 00Н, членка на ММФ и Светската банка, член на Советот на Европа, на ОБСЕ и Програмата Партнерство за мир. Беше призната повеќе од 70 земји а меѓу нив и од САД. Исто така, воспостави и дипломатски односи со тие земји и што е посебно важно воспостави дипломатски односи и почна да гради мерки на доверба со соседна Грција. Сите тие резултати се постигнати за време на вршењето на функцијата министер за

надворешни работи од страна на господин Стево Црвенковски, со негово знаење и со негова блиска и искрена соработка со претседателот на Република Македонија господин Киро Глигоров. Тој со својата работа и однесување ги стекна симпатиите и почитувањето на огромен број министри, свои колеги во светот како и други државници.

Сега во предлогот на премиерот Стево Црвенковски треба да биде разрешен од функцијата министер за надворешни работи само заради тоа што е либерал. Ова ми е втор пратенички мандат во кој повторно сум член на Комисијата за надворешна политика, овој пат како заменик на претседателот на Комисијата. Бев убеден дека еве шеста година учествувам во градењето на заедничката надворешна политика во рамките на Собранието на РМ, како една многу важна карика, мислам на Комисијата, во единствената надворешна политика водена од претседателот на Република Македонија Киро Глигоров и министерот за надворешни работи Стево Црвенковски. Се прашувам, дали сите овие години по прогласувањето на независноста на Република Македонија до денес,сме стоеле зад погрешно водење надворешна политика, односно сме учествувале во креирање на истата, а за која во светот и ден денеска добиваме искрени признанија. Значи ли тоа дека треба да очекуваме радикално менување на курсот на водењето на надворешната политика? Ако е тоа така, што станува со легитимитетот на до-сегашното работење и ставовите на сите членови на Комисијата за надворешна политика.

Наместо Стево Црвенковски, премиерот за министер за надворешни работи ни го предлага министерот за внатрешни работи господинот Фрчковски. Колку што е апсурден предлогот за разрешување на досегашниот министер за надворешни работи, уште е попарадоксален предлогот за избор на господин Љубомир Фрчковски за министер за надворешни работи.

X/8.-

И најповршната анализа на работата на министерот за внатрешни работи господин Фрчковски, ќе открие редица отворени прашања. Сите известувања на претставниците на разни меѓународни организации за состојбата и развојот на демократијата, заштита на човековите права и слободи кај нас, покрај позитивните постигнувања во други области, стојат сериозни забелешки за пречекорувањата и овластувањата на полицијата, чиј ресорен министер досега беше господинот Фрчковски.

Во периодот од четири години на неговиот мандат со негови одлуки и наредби полицијата беше доведувана во ситуација шест пати масовно да употребува сила, во Радолишта, Куклиш, Радовиш, Бит Пазар, Горче Петров, а некаде имаше и жртви. Во Мала Речица се испрати голема формација на специјалци за да оваа и минатата година мирно и опуштено се следи работата на нелегалниот таканаречен универзитет во Тетово. Имаше бројни беспричински интервенции на полицијата и ред убиства останаа неразјаснети. Ниту една балканска земја, дури ни оние кои живеат во многу подраматични околности, немаше толку многу и толку масовни тепачки на граѓаните од страна на полицијата. Посебна сторија се настаните од 3 октомври наваму кога се случи најтешкиот терористички атак врз државата, врз претседателот на Републиката господин Киро Глигоров. Слушнавме ред контрадикторни изјави а резултати нема. Дали е можна следната ситуација - прво истрагата да е завршена, второ истрагата да не е мрдната од мртва точка и трето да се планира истрагата да се прекине! Премиерот господин Бранко Црвенковски не прифаќајќи ја, од морални при- чини, понудената оставка од страна на господин Фрчковски на функцијата министер за внатрешни работи, меѓу другото рече. Во интерес на координирање на дејствијата во откривањето и фаќањето на испираторите, организаторите и извршителите на атентатот врз претседателот господин Киро Глигоров,

ценам дека не треба да ја прифатам оставката. Ние би додале кога веќе не се прифати оставката, не треба да биде и ротиран, туку и понатаму треба да остане министер за внатрешни работи и да ја доврши истрагата.

Во предлогот на премиерот за нов министер за надворешни работи сметаме дека има директен и отворен цинизам кон претседателот на Република Македонија господин Киро Глигоров. Заднината на предлогот за нов министер за надворешни работи да биде господин Фрчковски, наспроти јасните забелешки и противења од страна на претседателот на Републиката, единствено може да се објасни со намерата на премиерот, радикално да ја менува досегашната надворешна политика на Република Македонија и одново да ја доведе во зависност од некоја од соседните држави.

Со раскинувањето на Сојузот за Македонија, сите пратеници кои се избрани на прарламентарните избори во 1994 година го губат кредибилитетот пред своите гласачи, бидејќи гласачите при гласањето не знаеја од која партија е конкретниот кандидат за кого се определиле. Како што е познато секој од кандидатите на листата на Сојузот за Македонија беше предложен од трите партии од ЛП, СДСМ и СП. Затоа најправилно решение на сегашната политичка криза, што во нашата земја ја создаде премиерот Црвенковски со својот предлог за нова Влада во која нема да бидат застапени членови на Либералната партија, би биле вонредните парламентарни избори. На тие нови избори, секој од партиите членка на Сојузот за Македонија, чие име го предложи токму мојата партија, самостојни или во коалиција со сегашните нивни нови партнери нека злезат на избори, нека добијат мнозинство и нормално нека си состават нова влада и нека владеат. Веројатно тоа е излез. Јас се сомневам после сето она што се случува последните шест-седум недели дека такво нешто и се помислува да се направи. Инаку, сакам да

X/10.-

потсетам дека веднаш после изборите што се одржаа во октомври 1994 година во разговорите со господинот Бранко Црвенковски, тогаш мандатор, ние ја нагласивме потребата благовремено да се извршат промени во изборниот систем. За таа цел инсистиравме да се изработи целосна анализа со која до крај ќе се осветлат сите неправилности, поради кои некои од партиите учеснички во изборите веќе после првиот круг се обидоа да ги оспорат изборите. Само да потсетам дека поради масовноста на тие неправилности и набљудувачите на Меѓународната заедница имаа сериозни забелешки. Тие забелешки беа толку сериозни што премиерот Црвенковски оценувајќи дека на оние раководители на ресорите на кои претходно требаше да ги подготват изборите не се способни нешто да сторат, побара од господинот Ристо Иванов како ефикасен човек да одбере група на стручњаци што ќе му помогнат во меѓувреме меѓу првиот и вториот круг да направи се што може и се што е можно, масата на неправилностите во вториот круг да не се повторат. Господинот Иванов ја изврши таа задача и со тоа изборите во вториот круг беа спасени. Се разбира не го направи тоа сам, туку со екипата.

Ние после изборите веднаш баравме Владата да подготви објективна анализа за збиднувањата на изборите во првиот и вториот круг, со цел неправилностите повеќе никогаш да не се повторат. Го баравме тоа заради фактот што во една земја не може да стане збор за демократија до колку масовно се кршат правата на гласачите, слободно да ја изразуваат својата волја на парламентарните избори. Ние и понатаму инсистираме на таква анализа што треба да ја разгледа и Парламентот, и ако како и досега очекуваме премиерот Црвенковски долго да ја одлага таа работа за да не се подготви таква анализа.

X/11.-

Исто така ќе инсистираме на донесуваше на нов изборен закон и тоа да биде приоритетна задача на сегашниот состав на Парламентот, со цел да се распишат предвремени избори на кои ќе можат да си го проверат угледот и оние луѓе кои што за изборите прават една коалиција со една изборна платформа, која што ја користат како тројански коњ, а откако ќе ги измамат гласачите во постизборниот период ја раскинуваат изборната коалиција. Прават нова коалиција за состав на Владата. Таков легитимитет, сигурен сум дека граѓаните на Македонија никому не дадоа и никому нема да му простат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Чадиковски.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван претседателе на Владата на Република Македонија, почитувани сегашни министри, почитувани пратеници.

Има една работа која јас најдобро ја познавам од сите Вас, почитувани пратеници, тоа е куклениот театар. Знам што е добра претстава, а што лоша политичка претстава. Веројатно знаете што е тоа маријонет. Тоа е кукла која за да заживее треба да е врзана со конци. Ако конците не бидат добро затегнати куклата ќе се влече по земја. Имено, жално е , кога една кукла ги влече своите покрети без таа тоа да го чувствува, а тоа сега се случува. Најтешко е кога проблемите помеѓу двајца, ако ги има, вмешуваат и трет човек. Невкусот е уште поголем кога тоа се прави од немоќ, а таа немоќ заслепена од личните интереси

доведува до такви изјави кои го заматуваат умот. Свесно се бега од реалноста, се бега од здравиот разум и се забораваат основните човекови доблести, а тоа се комуницирањето со голема доза на елементарна култура. Плукањето е дозволено секому, а умешноста во надмудрувањето не е во плукањето туку во тоа сите да извлечеме поуки. Истиот би бил и јас кога би кажал, а можам да го кажам, како се префрлени 500 илјади долари на една фирма од југот на нашата држава и кој ги долеелил тие пари. Но, тоа не е вкусно и затоа не го кажувам. Кога за некого различното размислување претставува атак врз нивниот идеолошки мотив, профитот значи рушење на Сојузот, во тој случај не се сватила програмата на Сојузот. А одговорите на многуте дискутанти од Либералната партија за грешките во изминатиот период кој ги направила Владата не биле кажани ниту иницирани благовремено, тоа зборува за неискрените пријатели, кои од првиот момент ги красела неискреност, дволичност и желбата за евтин политички маркетинг.

После сето ова жално е да се злоупотребува Сојузот како параван на своите заблуди.

Почитувани пратеници, со самото тоа што нашиот премиер предлага нова реконструирана Влада доволно зборува за сериозноста и квалитетот на предложените кандидати. Времето во кое живееме ќе биде сведок за храброста за наредните чекори кои ќе ги преземе Владата. На доградбата на идејата дека се што ние мислиме и преземаме е добро за сите граѓани на Република Македонија ни влева доверба во предлогот на премиерот Црвенковски. Исто тоа значи дека оваа Влада ќе биде свесна за својата политичка одговорност.

Од овие причини својот глас ќе го дадам за понудениот предлог на г-динот Црвенковски.

Благодарам.

X/13.-

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска , само за Владата,

Почитувани пратеници, колеги противници, почитувани пратеници односно почитувана евентуална и сомнителна опозиција,

Бидејќи Сојузот веќе не постои, Сојузот е мртов со 9 нови министри и на ротација на еден дел од нив со 6 разместувања, Владата веќе не постои, за Владата веќе нема ни "уриме" ни "парахаје", ни честитки. Владата дефакто умре. За сочувство нема место, али, шуќур и новата Влада без Сојузот без базаментот која случајно доаѓа уште апријори е предодредена да умре. Меѓутоа, светот нема да пропадне, нема да пропадне ни Република Македонија. Но, заедно со Владата ќе умре и мнозинството во овој Парламент. Може да "умре" и без нив и целиот Парламент, значи и јас во него и со него. Меѓутоа јас ќе останам не само со чисти раце туку и со чисто лице. Ако не сте го сфатиле и не сте го знаеле досега време е да го сфатите и да го знаете сега, денеска инаку ќе биде многу доцна.

Кога Владата веќе умре и кога може Парламентот да умре нека живее народот, нека живеат народите, нека живеат граѓаните на Република Македонија и албанците и македонците и турците и ромите и србите и власите и бошњаците и бугарите и другите кои живеат во Македонија.

Нешто е труло во земјата Данска, ќе речеш Шкспир во својот Хамлет, старите римјани во својот јазик "ибидем", албанците "Али Хоџа", "Хоџалија" или "шкоеја сјаденпеја", турците"еписибир", а македонците "појди дојди". Ако имате поадекватно кажете Вие. А, народот се што не знае, народот знае се, знаел многу, само што не знае политика. Меѓутоа, и тоа е добро што не знае политика затоа што политиката не е фер,

политиката не е вистина, политиката нема реалност, нема стварност, политиката е политика, политиката е лаж, а политичарите ... така ти е тоа во аполитиката односно неполитиката, во контра политиката со не-продуктивната политика.

Ако за време на изборите изгубиш кај лекторатот односно народот, значи ако не го добиеш неговиот легитимитет ќе те земат во Владата или пак во полицијата. Ако со махинации, шпекулации, притисоци, манипулации, фалсификувани со помошта на полицијата или пак и војската некако доаѓа до клупите на Парламентот, но и како таков и тука не се покажуваш и докажуваш рентабилен, т.е. се покажуваш како неуспешен во легислативата односно Парламентот или ќе оцрниш и поцрниш до крајот, или пак ако некако се одгурнеш до финишот, но не само што не со чисти раце туку не се и со чисто лице, но може и да се теши некако, да се обидува некој да те сфати, а може и многу бргу пред да ти истече мандатот на така наречен пратеник ќе те земе егзекутивата под свои крилја т.е. во извршната власт, значи во Владата и етети еурека да се обидува на некој начин да ти ги покрива таа преку своите и твоите слабости своите грешки и тоа преку противната манипулацијата точно со Парламентот.

Ако веќе во Владата се покажуваш неуспешен, а прилично со грабеж и корупција си се обогатил тогаш те префрлуваат или во полиција или во дипломатија каде во исто време и во земјата и во странство ќе се занимаваш и со бизнис од било која сорта,врста. Ако и во полицијата или дипломатијата било тоа и од амбасадорска фотелја немаш успех, а ако си се обогатил повеќе тогаш му се посветуваш потполно на бизнисот и ќе инвестираш без граници. Ако пак како неуспешен на сите полиња во животот и во бизнисот банкротираш тотално тогаш ти преостанува уште

една претпоследна шанса да побараш политички азил како бивши дипломат или бивши полицаец или пак да се занимаваш со хадутлак т.е со грабеж. Ако пак на крајот и на грабежот не ти оди и те фати европската полиција т.е. Интерпол на лице место со твоето право лице тогаш ти се знае и последната "шанса" и последната "работа" односно последното работно место, лисиците врз рецепт е со нечисти раце, нечисто лице и право во зандан т.е. во затвор, кој за тебе е пекол и нека ти е за аир и аферим.

Денеска пред нас се наоѓа после година и нешто дена дефакто повторно предлогот за реконструирање односно за состав на Владата на Република Македонија . Тоа се бараше да се направи со експресно, ургентно, итно импонирање и тоа на мегаломански начин што може да биде повод за една специјална и специфична дебата "суигенрис" ако би се направило тоа на најконцизен начин како работело односно не работела како треба Владата за овој изминат период ќе ми требаше една дебела книга. Па затоа би се задржал само на она, на едно од најобичните, најболните наши точки и околу еден сегмент,

**САЛИ РАМАДАНИ: (** ПРОДОЛЖЕНИЕ)

И тоа со: силата аргументите, фактите ако го апстрактрираме само моментно реалниот, вистинскиот, точниот состав од национална гледна точка во Република Македонија иако се базираме и на овој, и реалниот т.е. нереалниот состав, невистинскиот, неточниот, од последниот попис на населението во 1990 година и со шифрата од 22,9% албанци на населението, 65% македонци, тоа значи дека сепак албанците се повеќе од една третина во однос на македонците, додека почнувајќи од обичното вработување на обичните работни места на сите полиња во животот, па се до највисоките функции во оваа држава албанците се тотално дискриминирани и на овој начин не само што се прекршени најпознатите меѓународни правни норми и конвенции како што е картата на организацијата на обединетите народи, завршните документи на СИНКИ, Париската карта итн., него на најбескруполозен начин се прекршени внатрешните правни норми како што е и актуелниот устав на Република Македонија. Иако на албанците треба да им припадне најмалку една третина и во сите видови на власта во трите најважни функции во оваа држава како што се претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата и претседателот на парламентот на ниедна не е албанец. За нивни инает и да би дошол еден дел албанец исфрлен беше и во Уставот функцијата на потпретседател на Република Македонија, а моментно нема албанец ни на функцијата на спорниот потпретседател на парламентот или на Владата иако и тука не би требало да биде само формално потпретседател, потпретседател - сервис туку прав претставник на албанците во Република Македонија кој ужива авторитет и легитимитет.

Слично со составот на парламентот и понатаму дискриминаторски и бројчано ни се предлага и новиот состав на Владата на штета на албанците а и на другите, секако, наместо консензус со точно 10 ал-

банци или заедно со другите припадници не се спроведува ни минималната службена статистика во однос на македонците со 7 министри и исто толку заменици на министри. Туку првите се една четвртина а последниве се дури една петина. А, кои се овие кои се предложени и кого тие претставуваат и дали некого претставуваат се зборуваше доста и ќе биде во контекстот. Кога за албанците нема место ни за едно претседателско ни за едно потпретседателско место, нема ни за првите министерски функции туку почнуваат од споредните, неадекватните за албанците како што е онаа шестата, седмата па 11-та, 13-та, од 15-те постоечки министерства односно и на 19-та претпоследната во редовите на министри без ресор. слично е и со предложените заменици министри, како сервиси на министрите македонци, божем едниот на прво, вториот на трето, третиот на 12-то и последниот на последно т.е. на 15-то место.

Не само што се однесува до националниот состав туку премиерот не може уште мнозинството како и да го прави сам гробот на оваа власт и на оваа држава греши и што се однесува и до поадекватното застапување на поединците, на поедините подрачја односно општини, каде живеат во мнозинство или во значителен број албанците во Република Македонија. Меѓу најлошите, најлошо поминала општината која од 17 општини во мнозинство, во значителен број или испод ова живеат албанци, а која со проценти е на трето место а сожители на петто место, единствена општина која не е претставена не само со министерско место туку ни со заменик на министер од пет односно девет сите заедно. Додека на пример Струга која се наоѓа како да се земе на шестото место фаворизирана е со министер па и заменик на министер и доаѓа веднаш на второ место после преголемата општина Тетово, значи и пред Скопје, Гостивар и Куманово, само со по еден министер. Се подразбира дека и оваа врста на дискриминација се однесува на мојата општина Кичево и по се изгледа дека не е баш ненамерно и не е без

тенденциозна позадина, затоа што логички нема никаква јустификација. Меѓутоа, тоа е она што е. Инаку, и албанците од Кичево, па и другите и јас посебно не само што не плачеме туку и се гордееме што и во оваа власт ваква како што се предлага немаме ни еден министер или пак заменик. И, да бевме консултирани не би се сложиле без услови и без платформа, без консензус. Овие беа пропусти и грешки што се однесуваат до националниот и подрачниот состав на божем реконструкцијата на Владата.

Секој мандатор кој предлага нова Влада или премиер кој предлага реконструкција на Влада има должност и обврска да се консултира со членицте на сите поголеми и позначајни партии вклучувајќи ги и опозиционите, а посебно парламентарните односно пратеничките групи. При овој предлог, ова не е случај, а не е ни случајно. Така беше за време на предлагањето на оваа влада во досегашниот состав, а тоа се повторува и при оваа божем реконструкција. Мандаторот односно премиерот на уште, се чини, мнозинството, но сега веќе не на апсолутното мнозинство, можеби, веќе по втор пат не се консултираше со дефакто - најважната, најсериозната и најголемата партија на албанците во Македонија како што е партијата за демократски просперитет на албанците која во себе и со себе ги има најмалку 60% било членови, бирачи, или симпатизери од редовите на албанците во Македонија. Ако некому случајно не му се верува може да му укажам и докажам било за кое време.

Мандаторот односно т.н., премиерот за време на предлогот за составување на досегашната влада не се консултираше ни со многу значајната групица на пратеници од оваа партија, а сега ми се уште позначајната пратеничка група на партијата за демократски просперитет на албанците и Народната демократска партија која и како целина и поединечно го има во себе и со себе најмалку 90% на албанците во Република Македонија.

XI/4.-

Ако пак некому случајно не му се верува можам да му докажам и укажам во било кое време. Според тоа, и досегашниот состав и сегашниот предлог за состав на т.н. , нова Влада го има легитимитетот, не го има легитимитетот на албанците во Македонија, и било како таква албанците не ја признаваат, таа е илегитимна, незаконска, ненародна и нејзините предложени и усвоени закони, одлуки се најболните наши точки, одлуките и решенијата на албанците немаа никаква валидност т.е. не важат.

XII/1.- СП/ОМ

**САЛИ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Членовите кои се предложение во состав на новата Влада, а посебно оние од албанско потекло кои ги познавам повеќе и што се однесува до стручните способности односно неспособности се уште на пониско ниво од досегашните и тоа или се деградирани, девалвирани без никаков авторитет, без морална поддршка кај албанците или се тотално анонимни кои изгубија на изборите или со ништо немаат докажано дека поседуваат било какви квалитети, а да не зборуваме за тоа што направија односно што ќе направат за албанците, бидејќи тоа не доаѓа предвид.

Досегашните членови на така наречена Влада не само што не дадоа никаков придонес за оваа држава , за овие народи, туку напротив нанесоа голема штета како во економски поглед и колапс до кој е дојдена и се наоѓа непрекидно како и на другите полиња вклучувајќи го телесниот криминал и многубројните убиства т.е. жртви на недолжни граѓани посебно од редовите на албанците.

Ако мандаторот или премиерот на мнозинството поаѓа по се изгледа дека поаѓа од бројката на владините пратеници со кои е претставена така наречена партија божем од албанско потекло или како бумеранг да се послужам со зборовите на поедини челници на истата како сепарат т.е. прадедовската која е навистина само сурогат, а што е посебна приказна и бара подетално елаборирање со безброј необориви аргументи, а бидејќи нема ни половина број на пратеници во однос на сите албанци - пратеници застапени во овој Парламент значи и во нивно име и на нивна сметка партиципираат на вештачки начин со 5 предложени министри и 4 заменици министри што е трагикомедија и без никаква важност.

XII/2.-

Почнувајќи од овој факт би требало најмалку уште толку министри и заменици на министри да се предлагаат и во името на другите не консултирани пратеници или партии на албанците или нешто помалку, но не без значајно и за мојата пратеничка група или само за пратениците на мојата партија. Тоа го потенцирам дека беше должност и обврска на мандаторот односно премиерот на мнозинството да се консултира инаку што тој не се консултирал со нас не само што не ми е жал, туку се гордееме посебно, бидејќи при ваков состав односно лошо амортизирана композиција или хаварисан брод со толку министри и заменици министри и да беа сите од редовите на мојата партија односно од двете партии на мојата пратеничка група не би се согласиле исклучително кога би имале 11 министри или најмалку 10 за да многу кратко време ги демаскирала и компромитирала тотално другите се додека од редовите на македонците не би дошле прави министри кои би ги бранеле коректно интересите на самиот македонски народ.

Овој предлог за состав на новата Влада е дефакто од редовите на една бивша комунистичка партија за време на државата која веќе не постои божем сега е модерирана, реновирана т.е. во социјалдемократски сојуз кој уште по вештачки претендира да опстои со името на дефакто никогаш не псотоечкиот сојуз за Македонија така наречен Сојуз кој му беше потребен само за да на овој начин ги добие изборите од 1994 година.

Со разводот на најважната партнерка либералната и остатокот на минијатурната социјалистичка како огранок или поточно под огранок дефакто и де јуре Сојузот за Македонија веќе не постои и третиот, а и владиниот партиципиент како огранок односно подогранок нема валидност на националноста на која и припаѓаат само по потекло тоа фактички значи дека не постои ни мандатор ни премиер ни влада ни

XII/3.-

парламент ни фундамент, балзамент за иснтитуцијата Претседател на Република Македонија кој е предложен од тој сега веќе дефакто и де јуре не постоечки Сојуз за Македонија и бидејќи фундамент односно балзамент нема ни егзекутивата ни легислативата единствениот излез од оваа сеопшта криза спрема сите меѓународни познати и признати стандардни правни норми актуелниот Устав на Република Македонија и законската регулатива која произлегува од него е во тоа што побргу распишување на сеопштите избори за сите нивоа и врсти.

Консеквентно на тоа до спроведувањето на изборите веднаш денес- ка да се предложи и да се основа привремен совет за државни односно народни спасители и тоа во прв ред од вон владините парламентарни гру- пи па и ВМРО со сите префикси и другата македонска опозиција и вонпарламентарнтие опозиции, партии на албанците , македонците, турците, ромите, србите и другите со реално застапуваше и неопходен консензус.

Затоа предлагам конкретно Владата веднаш да даде оставка, а Парламентот веднаш да ја разреши. Претседателот на Република Македонија веднаш да даде оставка, а Парламентот да ја прифати. додека и самиот Парламент да се распушти веднаш, бидејќи и тоа нема балзамент додека привремениот совет на државните односно народните спасители да распише нови предвремени избори и да раководи со целата изборна постапка до нејзиното спроведување . Ова е единствен можен излез од овој ќорсокак до кој ја доведе оваа држава Владата така наречен премиер Социјал демократскиот сојуз, Сојузот за Македонија и мафијашката групица кланот или инокосниот диктатор во земјата или вон кој се крие позади сите овие институции на перфиден божем модериран начин со камуфлаша и бескрупулозно манипулирање и со припадниците на сите национални колективитети на ова поднебје и на сите недолжни

граѓани на Република Македонија. што ако сте случајно заборавиле да ве потсетам на Шестата седница на овој Парламент во овој состав на 20.12.1994 година кога се гласаше за до денешната Влада така наречена Социјалистичкиот сојуз и нивните сателите гласаа за со 71 глас. против гласавме само 2 народни пратеници и тоа посебно потенцирано, одлучно без компромисно гордо со креваше на целата рака тотално вертикално речиси до небо јас, точно е тоа, мојот колега како брат смелиот карадаклија Хисни Шакири кога двајцата други од мојата партија за Демократски просперитет на албанците Руфи Османи по многу квалитетната дебата и претседателот Арбен Џафери во меѓувреме излегува на една средба со амбасадорот и европски функционер на 00Н г-динот Аренс, како што ми изјавија тројца тогашни пратеници на НДП од како го добиле мојот одговор дека ќе гласам против ја напуштија невидено салата и му кажале на четвртиот со две верзии еднаш дека уште не продолжува конечниот акт на седницата, а потоа дека нивната партија така одлучила т.е. никако и третиот начин на гласањето апсурдната определба на Либералната партија со префикс божем имаат забелешка зошто да биде еден од членовите на Владата од редовите на албанците на кого имале забелешка божем на нелојалност 29 пратеници беа воздржани од гласањето т.е. не се определија ни за ни против иако во составот на Владата имале и свои 4 министри и тоа до денеска не ги повлекоа додека не им беа истерани , исфрлени како вишок. Точно е. Значи невидена игра така наречени либерали тогаш, сега ќе видиме не гласале за Владата во пакет т.е. за своите министри т.е ни за своите министри, а ниту ги повлекоа од таа иста Влада. Се поставуваат прашањата дали тоа оди ? Не, никако. Дали тоа може да се оправда? Не, никако. Дали тоа може да се проголта? Не, никако. Дали тоа се јаде? Не,

никако. Дали е тоа природно? Не , никако. Дали е тоа нормално? Не, никако. Дали е тоа абнормално? Да, секако. Тоа е така (пратениците му аплаудираат) слободно, слободно дајте, тоа е така затоа што, благодарам многу меѓутоа, Ве молам да завршам. Тоа е така затоа што се такви Вашите партии, затоа што е таква Вашата коалиција, затоа што е таква Вашата Влада, затоа што е таква и Вашата резилија и како такви од такви партии, од таква коалиција и од таква резилија и Влада не може да се очекува ништо друго , ништо попаметно,никаква друга солуција, никаква ориентација, никакви здрави патишта, туку овој денешниот траги комичен чин чуден и смешен настан.

Значи, за Владата на формалното ни дејуре мнозинство ни де факто вистинското тоа е за Вашата досегашна Влада не гласав тогаш, тогаш можеби мнозинството од Вас и формално и стварно се зачудивте и можеби мислевте дека не сум во право затоа што не се согласив со Вас дека не Ве сакав, дека Ве мразев сите, а сега што мислите? Сега по сето ова по толку многубројни пропусти, многубројни грешки, по толку многу лошо владеење на Вашата Владата не знам што мислите, изгледа дека знаете. Не знам дали сте се покајале сите, еден дел од Вас веќе сега се знае или се претпоставува дека се покајал. Вака интимно речено без страв, без директива на Вашите партии на Вашиот така наречен премиер досегашен. Но, и сега не ми сте нешто уверени дека бев во право. Тоа е Ваша работа. Додека мојата работа, моето право и мојата должност е да се гордејам и те како до највисоко ниво. А сега што ќе биде сега со така наречена реконструкција по право речено деконструкција односно декомпозиција на новата Влада. И за оваа Влада не само што ќе биде лошо, туку ќе биде уште полошо и за самите сироти макеоднци, а камоли за етничките албанци, турци, роми, срби, бошњаци, бугари и други кои живеат во Македонија.

XII/6.-

Предлогот на така наречени само наречениот ремандатор односно репремиер за реконструкција односно деконструкција на таканаречена Влада е уште поилегална односно нелегална , незаконска и ненародна треба да се оспори, игнорира на најобјективен начин од следните причини

Прво и конкретно Сојузот за Македонија веќе не постои. Тоа е најконцизно речено и да не се повторува досега реченото.

Второ, и новопредложените министри како и нивните заменици не само што се анонимни , туку само што немаат врска со тој досега веќе и не постоечки сојуз, туку за време на последните избори се преориентирани против него, повторно најконцизно речено тоа го кажавте и Вие.

Трето, предложените министри и заменици на министри на ПДП-пеовците освен анонимноста не претставуваат никого од редовите на албанците во Македонија освен една мала клапа на кариеристи без никаква важност, без фундамент, без основа, без темел, без почва, без потрага Дека досегашната Влада се покажала неуспешна за овој изминат период освен во тотала сликата се повторува и преку нејзините министерства и ресорни министри. Ќе Ве молам накратко.

Министерството за надворешни работи. Македонија е примена во некои европски организации и асоцијации. Но, тоа е направено под политичката игра на некои кругови кои имаат свој интерес, бидејќи ни најмалку не се исполнети условите кои ги бараат истите како што се оние за почитување на правата и слободите на припадниците на националните колективитети, посебно на припадниците на најголемата националност како штос е албанците кои се загорозени до максимум и немаат минимални предзнаци за остварување на истите.

Европа, Америка и целиот свет овие тотални дискриминации добро ги познаваат и внимателно ги опсервираат состојбите во Македонија и

имаат свои стратешки интереси и го чекаат најпогодниот момент да го обрнат на најсериозен начин вниманието на Македонија и да и кажат стоп Инаку, онака како што е примена во овие организации и асоцијации на побрз начин може да излета на воздух и без авион.

Што направи за овој период Министерството за одбрана односно неговиот министер, а со тоа и Владата? Ништо. Во Армијата на Република Македонија еден нестручен кадар кој во никој случај не одговара на современите барања на една модерна армија и во морално политичкиот и во борбената подобност во стручно- техничкиот и другите погледи. Навистина се мобилизирани некои од постарите кадри од бившата југо армија, меѓутоа, и тие се многу стари, амортизирани, ги напуштила меморијата, еланот за работа, желбата, силата, дестимулирани се со ниски примања тоа од една страна, а од друга страна тие се лошо и погрешно воспитани во монистичкиот социјалистички Титов систем период кога беа златен период кога беа посебно привилегирани , Министерството во овој поглед нема преземено ништо за подобрување на овие состојби освен што унарпедила добар број на така наречени доброволци и со високи чинови земени речиси од улица и без никакви способности. Да не заборавиме преголемиот недостиг на армискиот кадар од редовите на албанците и другите националности чиј број е без значаен. Значи и тука чиста дискриминација.

Што се однесува до регрутите од редовите на албанците тие некое време или не се повикувани или апстинирале, а сега бројно предничат. Меѓутоа, речено накратко се дискриминирани и јазично и материјално и технички и морално и во оваа смисла постои општо незадоволство

Што направи за овој период Министерството за внатрешни работи. Само накратко. Ве молам, јас Ве слушав два дена, а времето е неограничено. (негодување во салата) . Ништо, ама баш ништо и тоа не само што

XII/8.-

не направи ништо, туку направи лошо и тоа многу лошо и трагично лошо. Само накратко. Економскиот криминал и телесниот криминалитет не само што ен се намали, туку е во драстичен пораст. Полицијата не само што ен ги спречи убиствата, туку по налог на челниците ги поттикнува.

**САЛИ РАМАДАНИ**: (продолжение)

Еден од најмаркантните трагични примери е убиството на Абдуселиман Емини во Мала Речица, Тетово, и ранувањето на 20-тина други невини граѓани пред зградата на универзитетот.

Ова Министерство не само што не ја извршуваше коректно должноста околу личното обезбедување на претседателот на Република Македонија, г-динот Киро Глигоров, туку и после најавувањето дека се знае вршителот на актот, досега само манипулирања. Наместо досегашниот министер за внатрешни работи, Љубомир Фрчковски, да се осудува, на пример да ја прифаќаше и неговата божем оставка, тој сега и се наградува со предлогот да го води еден од најважните ресори, како што е Министерството за надворешни работи. Значи направи многу внатре во земјата, а сега треба да направи и во странство. Аферим.

Со така нареченото Министерство за правда, да кажам дека тој направи како и досегашната министерка за образование и физичка култура и некои други, божем во целина, сето она што сум го кажал за време на работата околу соодветните закони и со околу 100 амандмани не би сакал да го повторувам.

Состојбите се исти и во економскиот колапс и не развој. Кардиналните промашаи во лошата политика околу погрешните предвидувања од фискален карактер, од финансиски аспект и сегашниот што се докажал со ребалансот на Буџетот итн.

Владата има безброј пропусти и грешки и во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на човековата околина, за сообраќај и врски, за земјоделие, шумарство и водостопанство, за труд и социјална политика, за наука, култура и во Министерството за здравство. Но, за тоа треба многу време.

Поради овие и многу други изнесени работи, не само што нема да гласам за овој состав на таканаречената нова Влада на Република Македонија, туку она мора да дава и оставка. Инаку во случај ако тоа не го направи сега и ако во случај денес се излезе и се изгласа овој состав на Владата, таа како таква нема предиспозиции да има долг век и понатаму ќе се конфронтира тотално.

Нешто само за Владата и ПДП.

ПДП откако веќе партиципираше во досегашната Влада, неколку пати и преку разните средства за јавно информираше, нагласи дека се влезени со една платформа, со минимални барања. Тоа беше само толку концизно речено, додека она и таканаречената платформа, не само што не беше никогаш остварена, туку не беше ниту каде и објавена. Меѓутоа, еден непобитен аргумент е редовно присутен во политичката игра на оваа партија. А тоа е да го употребува мирниот термин дека мојата партија - т.е. партијата ПДП на Албанците не што иницира, поддржава или нешто барем дефакто остварува или е на пат да се реализира, ПДП-евците трчаат со цела енергија и се појавуваат на сцена и со владини пари ја играат рољата на таканаречени херои. Затоа денес веќе е крајно време да му се каже на ова "стоп" и тоа конкретно.: новопредложената Влада да се изјасни тука во Парламентот конкретно.

Прво, дали се согласува со фундаменталната програмска определба на ПДП, а во Република Македонија, Албанците да бидат елемент на државнотворец, т.е. конституиент, т.е. со право на консензус.

Второ, дека ќе го поддржуваат барањето и јавното промовирање на ПДП дека ако се отфрлува од службена употреба албанскиот јазик во Собранието на Република Македонија и државните органи, они ќе го

напуштат засекогаш и Парламентот и Владата и другите државни органи.

Трето, дали Владата ги конформира потписите на ПДП во свечениот акт за основаше на универзитетот во Тетово и неговото инкропорирање во системот на високото образование и неговото финансирање. После неопходниот одговор пред евентуалното гласање за евентуалната Влада, барам исто така конкретно да се произнесат и пратениците на ПДП, токму тука во овој Парламент каде им е местото за изјаснување по овие витални и приоритетни прашања од животно прашање за Албанците во Македонија. Инаку, во спротивно мнозинството на Албанците во Република Македонија, мојата партија, мојата парламентарна група и јас лично ќе преземеме соодветни мерки од висока професионална ориентација. Народот вели,"што правиш правиш за себе".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас го разбирам жарот на полемичарите, на учесниците во расправата, само ги молам, може да ја употребуваат таканаречена платформа, но не таканаречена Влада, таканаречен премиер. Мислам треба малку да се воздржуваме од жарот.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиере, почитувана нова Влада. Имајќиг о предвид пред се мотивот од кој се раководел претседателот на Владата, односно премиерот Бранко Црвенковски, како и целите што треба да се остваруваат, наполно ја оправдуваат идејата на нова Влада на Република Македонија.

XIII/4.-

За чинителите и потенцијалите во оваа прилика, што треба да се искористат, не би зборувал, бидејќи премиерот доста успешно во своето експозе ги презентираше> иако беше нагласено дека тие таксативно се наброени.

Коефициентот за критичноста за работењето на Владата во значителна мера беше забележан што и го оправдува размислувањето на голем дел од пратениците дека е неопходно да се изврши реконструкција на Владата, иако Уставот тоа не го признава, но техниката признава и реконструкција, а признава и темелна реконструкција. Во стопанството не се признава таков поим, но имаме постојано менување на директори, секоја година , па и гарнитури.

Темата на која имав намера да разговарам, економија во развој, ја оставам за друга погодна прилика, а во функција на оваа седница би го задржал правото да дискутирам на таа тема кога ќе се создадат услови.

Би сакал да се откажат, имајќи предвид дека треба да се изврши чинот на гласањето, одредени дискутанти , бидејќи со долгите дискусии мислам дека се создаваат услови да се одложи чинот на гласањето за Владата, а во знак на трпението и вниманието на пратениците, како и на слушателите, евентуално кои не слушаат и гледаат би сакал во оваа прилика да потенцирам дека за стопанските проблеми и економијата во развој би разговарал во друга прилика, при што би потенцирал следното.

Во прилог на сите оние што сакаме да ја ставиме нашата концепција, за да се надминат одредени слабости кои веќе постојат месец дена како агонија во државните служби, а јас би рекол и во дел на програмите, како што е програмата за загубарите итн., па за

надминување на тие состојби и во функција на тоа, се откажувам од понатамошната расправа, односно дискусија.

Ако ми дозволи претседателот би сакал, за да не излезам повторно, да поставам едно процедурално прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повелете.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Г-дине претседателе, јас би ве замолил да ги прочитате учесниците во расправата и да го слушнеме редоследот на дискутантите кои треба да учествуваат во денешната расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте такви контроли и сомневања. Ако немате доверба се знае на кој начин ќе ја изразите. Списокот е тука, нема ништо. Се јавуваат стално луѓе.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Имавме господа пред малку едно оригинално излагање на г-дин Сали Рамадани, со доста оригинални мисли и мислам тешко ќе можам да го задржам на ист начин вашето внимание, но затоа би ве молел, за малку стрпливост, а јас ќе се обидам да бидам максимално краток.

Ќе се ограничам во ова излагање на три точки и тоа:

- Мотивите за промена на Владата,
- Карактерот на тие мотиви, и
- Ефектите кои евентуално ги содржат самите мотиви.

Се задржувам на тие три точки, затоа што таму барам одговор на прашањето, прво, дали треба да се менува Владата, второ, зошто треба, ако треба и трето, со каква цел се менува сегашната Влада.

XIII/6.-

Должен сум да кажам веднаш. Тоа се прашања кои ги засегна и на кои одговори премиерот на Владата г-дин Бранко Црвенковски.

Должен сум исто така да кажам, дека тоа се прашања на кои бараме одговор секој одделно и сите заедно. Доста од тие одговори веќе слушнавме. Тие одговори беа понекогаш отворени и јасни, соопштени мирно и разложно, иако не беа лишени од вознеимреност, понекогаш темпераменти и острастени со нагласена вознемиреност и дури скепса, кои исто така треба да се разберат.

Како и што одговори нашиот премиер по прашањето мотиви за промена на Владата или кажано со речникот на тековниот јазик - реконструкција на актуелната Влада. Во тој поглед според моето скромно мислење, тој беше наполно јасен. Јасноста со која се послужи г-динот премиер, упатува на тоа дека постојат крупни и ургентни прашања кои веќе не можат да се одлагаат. Уште помалку да се игнорираат и најмалку комотно да им се припишуваат на таканаречените објективни околности.

Тој кажа дека менува 9 министри. Кажа уште дека му треба Влада која ќе работи 24 часа, која нема да биде "дебатен клуб", туку тоа го подразбирам сега јас ефикасен и делотворен механизам, кој ќе спроведе програма што постои, која тој уште еднаш ја повтори, зад која стојат не само оние што се изјасниле, туку и оние кои не се изјасниле, од причина што секој очекува демократија, слобода, мир, и таков социоамбиент во кој ќе се потврдува и уважува личноста на човекот, а нема да биде понижувана.

Кога г-динот премиер дека сите министри од досегашната Влада кои ги нема во неговиот состав, го дале тоа што го можеле во рамките на нивните можности, јас разбрав дека тој проценува оти  во овој момент се

потребни министри со, благоречено, други можности. Понатаму, кога подвлече дека Владата не функционира тимски, јас го разбрав следното, а тоа е дека нејзе и недостига хармонија, а тоа значи да се подредат личните афинитети на практични, често невидливи цели кои не само што не носат популарност, туку творецот на некој евентуален успех го фрлаат во сенка и дури го анонимизираат. Сето тоа како и многу други работи г-динот премиер го соопшти децидно. Децидниот јазик, како што е познато уважени пратеници се служи со оценки, односно, со вредносни судови како што се вели и како што ви е познато во логиката, а не со описи или со дескрипции со кои се служи аналитичкиот јазик. Согласно со тоа во право се оние кои велат дека премиерот не даде анализа т.е. дескрипција на досегашната работа на досегашната Влада. Не се во право ако со тоа на индиректен начин кажуваат дека премиерот или избегнува или не е во состојба да даде дескрипција за тоа кое го присилува да ја менува Владата, нешто кое поправо е инвентарот од аргументи за еден вредносен суд кој пак, се мисли сега на тој инвентар е творецот на едно аналитичко излагање. Како што сум уверен дека премиерот е во состојба да изложи потврдна анализа за секоја оценка од неговото излагање, уверен сум дека тој добро знае , како впрочем и сите ние дека за едно такво излагање би можело да се напише една дебела книга, како што потсети г-дин Сали Рамадани.

По точката мотиви, ќе заклучам така, што ќе речам дека тоа се валидни материи затоа што постојат, затоа што се видливи, не само за премиерот, туку и за сите нас. Нив можеме да ги уважуваме, да ги оспоруваме, да ги минимизираме или игнорираме. Со тоа нема да ги поништиме затоа што тие мотиви едноставно постојат. Што се однесува

до мене јас ги уважувам тие работи во, се разбира, во целост.

Пристапувам сега кон карактерот или природата на тие мотиви.

Многумина пратеници укажаа и тоа со право, во какви политички социјални и економски услови живееме сега. Укажаа на падот или поточно на долгогодишната стагнација на стопанството. Таа стагнација, како што ви е познато, раѓа безработица. Таа безработица постоеше како акутен проблем. Тој проблем се амортизираше или се прикриваше на еден или на друг начин, главно преку купувањето на социјален мир кој се плаќаше со странски капитал. Сето тоа од еднаш го снема по 1990 година. Со таа ситуација се соочи и првата експертска Влада на академик Кљусев. Се соочи и втората. Ќе се соочи и следната, ќе се соочува и секоја идна Влада на еден долг рок, затоа што структурни промени, затоа што системски промени не се прават лесно, не се прават безболно и не се прават багателно, напротив цената е висока, таа цена е обесхрабрувачка и таа цена бара големи жртви и лишувања. Што заправо сакам да кажам со тоа.

Сакам да кажам дека структурните промени како императив налагаат повлекување крајно не популарни потези, а тие се искажуваат како затворање на големи капацитети за кои знаеме дека беа градени во друг систем, за друг систем, во друг геополитички амбиент кој подразбираше и вид проектиран или гарантиран пазар, за кои знаеме уште дека како важна цел си поставуваат производство на работничка класа, а не на стока која може да се продава и да биде продадена, како што го прават тоа Јапонците, Германците или Американците. Нема влада господа пратеници, која сака да влече непопуларни потези. Има влада која мора да влече такви потези и влада која има храброст да ги

влече тие крајно непопуларни потези. Владата на Црвенковски е приморана да ги влече тие потези наполно свесна дека притоа стрпливоста и респективната кооперативност на жителите на Македонија не е неисцрпна, дека тие не можат бескрајно да се надеваат, дека се потребни конкретни резултати за заживување на стопанството како услов за вера во сегашноста, а не само за вера во иднината. Тоа , затоа што , господа пратеници, ни еден човек нема два живота кои ќе му дозволат едниот да го троши во сегашноста, а другиот да го чува за иднината во која евентуално би бил среќен.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:** (Продолжение)

Уверен сум дека нема да претерам ако кажам, премиерот Бранко Црвенковски даде досега доволно докази да се соочи со крупни социјални прашања од структурен тип, да формира кабинет во околности кога пристигаат сметките за 30-годишно купување социјален мир со како што се велеше некогаш странска акумулација. Покажа уште доволно стрпливост, доволно решителност и доволно упорност кон кој пак се надевам дека не претрерувам, јавноста докажува доволно разбирање, покажа уште со иницијативата за промена на кабинетот дека наполно е свесен дека карактерот, или природата на мотивите за промена се императивни. Ако се сложиме во тоа уважени господа пратеници дека е таква природата на тие мотиви треба да се сложиме дека човек кој не само го соопштува тоа туку го земе на себе ризикот и одговорноста да ги неутрализира ја заслужува ако ништо друго барем нашата поддршка.

Јас го поддржувам затоа што високо ги ценам храброста и способноста од тој вид.

Се поставија тука во директна, или во индиректна форма серија прашања. Дали мотивите за промена на Владата не се персонални т.е. егоистички, психолошки т.е. карактерни, тактички т.е. манимулативни, стратегиски т.е. партиски. Такви мотиви кои заправо не смеат да бидат, а не се функционални какви што единствено и императивно треба да бидат. Кога се вели персонални, претполагам дека се мисли на тоа дека тој менува Влада за да ја зајакне својата политичка позиција како инвестиција во својата персонална политичка иднина. Кога се вели психолошки претполагам дека се мисли дека тој има симпатии кон своите

министри т.е. од СДСМ, а антипатии кон министрите од Либералната партија, или од некоја друга партија. Кога се вели тактички претполагам дека се мисли дека тој сликовито речено со една своевидна козметика депласман на стари министри и зголемуваше на квотата од ПДП само сака да остави впечаток дека прави нешто по доста заострени социјални услови кога треба да се прави нешто друго суштествено и делотворно. Кога се вели стратегиски претполагам дека се мисли дека скриена побуда да ја менува Владата е да ја зајакне својата и единствено својата партија кога што впрочем и во неколку излагања тоа и се кажа, нешто кое издава цезаристичка, или бонапартистичка ментална структура и кое оттука се оквалификува како појава, или победа на левиот радикализам, тоа беше вчера и денеска кажано, радикално екстремно национално политичка власт. Не можам да знам и не можам да бидат сигурен колку има и дали има основа зад такво читање на мотивите за промена на Владата во овој момент. Јас знам и јас сум наполно сигурен дека не само г-дин Црвенковски, туку која било друга личност, а која би пристапила кон промена на Кабинет од персонални, психолошки, тактички или стратегиски побуди би се нашла уште во старт во ситуација на самоелеминација како премиер заедно со својот Кабинет. Останатото фактичката и формална елиминација би била прашање на проста рутинска техника. Исто така знам и наполно сум сигурен дека прво и основно прашање не само за г-дин Црвенковски, туку и за секој сериозен премиер е како оптимално да функционира еден кабинет во крајно тешки и ако сакате уште отежнувачки околности. Бидејќи тоа добро го знам, или поскромно речено само верувам дека го знам должност ми е и чест да му

искажам полна и јавна поддршка како на г-дин Црвенковски како премиер, така и на господата министри од Кабинетот кој го предлага во овој момент.

Благодарам за стрпливоста.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, најнапред да кажам нешто во врска со небулозите кои низ целото излагање ги слушавме од еден од пратениците кој меѓу другото направи анализа и на актуелната позиција и на Социјалистичката партија на Македонија. Јас не би сакал посебно да ја коментирам таа негова анализа пред се заради тоа што сум длабоко убеден дека таа почива на едно тотално негово непознавање на политичките прилики во РМ, а само ќе му порачам и нему и на сите оние кои на неколку наврати во текот на овие два дена зборуваа за улогата на Социјалистичката партија дека ние сепак ќе се видиме и на следни избори, тогаш ќе ја провериме секој својата силина. На дневен ред на денешнава седница на Собранието добивме можност да расправаме за предлогот на претседателот тна Владата на РМ за новиот реконструиран состав на Владата. Се разбира покрај прагматичната расправа за предложениот состав ние ја имаме денес приликата да се произнесеме и за причините кои доведоа до ваква разврска на настаните и се разбира секој од своја гледна точка. Дозволете ми на самиот почеток да кажам дека како партии во изминативе месеци имавме можност својте гледања ставови и определби да ги изнесеме на пошироката јавност која често пати мораше да употребува лексикон за да ја сфати поракатa од тие обраќања. Во врска со тоа беа низа разни коментари во врска со ставовите и на

Социјалистичката партија на Македонија. Вчера и денеска конечно ја добивме можноста да ја изнесеме своите размисли како народни избраници се разбира почитувајќи ги тие партиски определби. Во таа смисла дозволете ми да ги изнесам тие определби.

Прво, го поддржувам потегот на претседателот на Владата на РМ за темелна реконструкција на Владата.

Второ, го поддржувам предлогот на новиот состав на Владата во кој ги нема експертите кои впрочем ја немаа поддршката на сопствената пратеничка група во изминатиот период, бидејќи сметам дека на тој начин ќе се расчисти една невообичаена ситуација и ќе се добие политички одговорна влада.

Трето, ќе гласам за предложениот состав на Владата во уверување дека во понатамошниот период во поголема мера ќе бидат при- фатени конструктивните предлози од министрите и другите функционери кои се на листата од Социјалистичката пратија на Македонија согласно политичката програма на Социјалистичката партија и Платформата на Сојузот за Македонија од која ние не отстапуваме.

Дозволете ми почитувани пратеници накратко да ги образложам овие свои гледања со неколку коментари на дел од провокациите кои беа упатени на адреса на Пратеничката група на Социјалистичката партија.

Прво, честото повикување на авторитетот и големиот кредибилитет на претседателот на Републиката г-динот Киро Глигоров го сметам за крајно некоректно и невкусно пред се заради фактот што тоа претставува директно непочитување на неговиот став изнесен во второто обраќање со што целокупната и внатрешна и меѓународна јавност и соопшти дека не сака да арбитрира во настанатиот спор која своја разврска мора да

добие во овој Парламент. Длабоко сум убеден дека и пратениците Либерали и раководството на Либералната партија во врска со односот кон претседателот на Републиката треба да размислуваат многу порано кога уште пред 14 месеци не го поддржаа Кабинетот на Црвенковски, со што директно придонесоа за ваквиот настан на настаните. Инаку, ова често повикување на името на претседателот мене лично ме асоцира на една досетка на еден наш познат сатиричар кој напиша "Македонската армија е најјака на светот заедно со Американската ". Тоа не би го коментирал сега посебно, секој ќе си извлече од тоа сопствени заклучоци.

Второ, од оваа кратка временска дистанца за мене барем како детски приказни звучат објаснувањата дека Владата не е поддржана, заради тоа што во нејзиниот состав бил министерот Сабриу, а не заради фактот што не успеаја да се изборат за уште поголема моќ барајќи ги ресорите за финансии, Министерството за внатрешни работи итн. Впрочем, оваа втора причина јавно ја соопштуваа во многу наврати.

Политичките потези со што беше створена оваа хермофродитска ситуација во актуелната полиција да се биде во власта кога се врши поделба на моќта, но да се има секогаш отстапница со формулацијата министри експерти, тогаш кога ќе загусти е поводот за развојот на настаните кои следуваа. Но, тука сепак мислам дека нешто треба да се расчисти. Ние мораме да ги извадиме ракавиците најмногу заради неколкуте контрадикторни изјави на пратениците во текот на вчерашната и денешна расправа. Така еден од пратениците не убедуваше дека пратеничката група на Либералната партија ја поддржувала Владата и

своите министри, а другиот јасно и недвосмислено ни кажа дека Либералната партија всушност од самиот почеток беше во опозиција во рамки на Сојузот Јас се прашувам дали и во опозиција на основните определби на платформата на Сојузот. Господа пратеници сепак треба да размислиме која е вистината. Морам да кажам дека истакнатиот пат за досегашното опозиционо дејствување на Либералната партија само значи дека низ предлогот на премиерот се санкционира една состојба која и досега ја имавме што претставува барем за мене олеснување во определбата да гласам за предлогот на премиерот.

Трето, со оглед на жестоките критики кои беа упатени на досегашната работа на Владата од пратениците на Либералната партија ќе истакнам само тоа дека тие заминувајќи веројатно од владината коалиција ќе мораат да го понесат товарот на сопствените критики пред се заради учеството во власта, бидејќи успесите во водењето на државата можат да бидат резултат на колективното успешно работење на Владата, а неуспесите исто така се резултат на неуспехот во тимската работа на Владата. Се друго би било само искривување на вообичаените норми и практика во повеќепартиското живеење и дејствување. Тоа ќе мора бреме да го понесеме сите и во иднина.

Четврто, мене лично ме зачуди ставот на пратениците Либерали за искажаната моќ на СДСМ поготово кога е јавно познато колкава е досегашната моќ на ЛП во Македонија со длабоко убедување дека тие не ја заслужија во постојната констатација на односи. Што тогаш да кажеме ние пратениците од Социјалистичката партија на Македонија кои се сметаме за рамноправни учесници во Сојузот за Македонија, бидејќи Социјалистичката партија на Македонија во голема мера жртвуваше од

своите можности барем тогаш мислевме заради заедничките интереси на Сојузот за Македонија.

Петто, низ расправата и според жестината на нападите кон оние кои наводно правеле "сериозни грешки" како да се чувствува задоволство од дистанцирањето од нив. Но не може да се одбегне ни обидот кон провејува низ дводневнава расправа со употребата на најголемиот авторитет на земјата и натаму да се остане заедно со нив. Се разбира тоа значи само заради гола власт и моќ. Но овој пат и мислам барем само овој пат мораме да ја чуеме вистинската цел за да не не стаса повторно објаснувањето после неколку години, како ова што го добивме после 14 месеци, или тогаш кога тоа ќе биде потребно за одредени маркетиншки цели. Да се држи паметењето дека само пред месец и пол беше упатена главна порака од премиерот, сакаат ли до крај и одговорно да учествуваат во власта, или сакаат да бидат опозиција. Актуелната владина коалиција се бранеше тогаш, а тогаш сум длабоко убеден се бранеше и авторитетот на претседателот на Републиката, г-динот Киро Глигоров. Ние се сеќаваме уследи бланко поддршка на премиерот во неговото настојување за реконструкција, опасно се покажа дека односот кон Владата воопшто не е променет од пред 14 месеци.

Шесто, вчера имавме една ретка и убава можност еден пратеник од ЛП да ја нарече Социјалистичката партија на Македонија "марионетска" и "маргинална партија". Тоа е негов проблем и проблем на неговото поимање на работите. Се разбира аргументот за ваквата квалификација беше тоа што ставот на Социјалистичката партија не кореспондира со ставот на ЛП. Ова го споменав за да укажам на следната ситуација во која многу често изгледа и по навика се наоѓаат повеќето од Либералите, не барем тоа им е основна карактерна особина.

XIV/8

Таа ситуација сметам дека до крај ги разобличува состојбите во кои ние два разговараме. Имено, пратеникот е владин наместник, божем пред се директно да ја спроведува владината политика, а за возврат има голема економска моќ на вчерашната седница истури грст отровни стрели врз премиерот и актуелната Влада и се разбира за да му поверуваат барем оние што не го познаваат, мислам дека беше неопходно за вакви прилики да уследи доколку се имаше доволно доблест и храброст и како што самиот вели етика, неопходно морален чин кој следува во вакви прилики. Јас сум убеден дека новата Влада ќе биде во состојба ефикасно да расчисти со ваквите недефинирани ситуации.

Почитувани пратеници, во текот на вчерашната расправа отворениот повик за јакнеше на Сојузот за Македонија беше окарактеризиран во негативна конотација како повик на некогашниот Социјалистички сојуз. Тоа не е спорно. Тој сепак делуваше во еден друг систем. Мене ме зачудува зошто не беше посочен примерот на Сојузот на реформските сили чии традиции ги продолжува ЛП кој упати јавен повик за колективно членување во него. Да не заборавиме сепак памтиме на какви позиции и со какви заслуги се наоѓаме денеска сметајќи ги исклучиво резултатите од првите парламентарни избори, бидејќи на вторите со низа математички операции ние само извршивме прераспределба на изборните единици на трите партии. Јас само ќе потсетам дека Социјалистичката партија доби 9 места од кои во тоа време 7 ги освои, бидејќи јас немам став на својата партија во врска со ставот на ЛП за предвремени избори ќе кажам само лично дека ја прифаќам со задоволство фрленат ракавица само ако не е гол маркетиншки трик да излеземе на нови избори, се разбира со сопствени програми и кадри без задскривања  и нека победи оној кој ќе ја добие

довербата годинава секако ќе имаме прилика да се испробаме на избори, а тогаш ќе видиме драга господо, кој ќе ги напушти позициите од платформата на Сојузот на Македонија, ќе видиме кој ќе се обиде да пактира со оние кои фронтално ја напаѓаа таа програма, а тоа народот ќе го запамети и се надевам ќе се покаже какви биле намерите од самиот почеток во врска со опстојувањето на Сојузот за Македонија на секој од неговите чинители. Нас ни е многу добро познато каков беше односот спрема Социјалистичката партија во времето на стварањето на Сојузот и какви цели и беа наменети кои за жал не се остварија, меѓутоа во врска со тоа има една народна поговорка, јас сега не би ја споменувал во врска со копањето на јамата и упаѓањето во неа. Јас сакам да истакнам на крајот дека што се однесува со Социјалистичката партија на Македонија ние сме убедени дека со ниеден потез не придонесовме за ваквиот развој на настаните на политичката сцена на Македонија и во Сојузот за Македонија.

(Аплауз)

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Почитувани дами и господа, јас некои други дискутанти се сложувам со констатацијата дека оваа седница не треба да се нарече историска, заради тоа што во земјите со високо развиена демократија нормално е распаѓањето на коалиции на одредени партии и создавање на нови коалиции. Се надевам дека во иднина Парламентот ќе има една појава опозиција која сигурно може само позитивно да влијае во подобрување на состојбите во многу ресори кои според моето мислење во изминатиот 14 месечен мандат на оваа Влада не само поради

објективни, туку и поради доста изразени субјективни фактори не функционираа доволно добро. Сигурно дека тешко е да се состави Влада во еден период на опаднато производство, во период на тешки социјални состојби на населението, во периодот на изразена корупција и во период кога голем дел на научниот потенцијал од Републиката својот личен развиток го бара во земјите на Европа и прекуокеанските земји.

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Покрај тоа што доброто и лошото се релативни компоненти се надевам дека и премиерот ќе се согласи со мене секогаш на една поставена Влада да може да и се најде една подобро или полошо составена влада. Што значи дека и оваа Влада во иднина треба да претрпува измени, со цел за подобрување на состојбите во одредени ресори. Ќе се потрудам во кратки црти да укажам на некои негативности кои се покажаа за 14 месечното делување на оваа влада со цел за нивно не повторување во иднина во сферата на економијата. Ми се чини дека се вложија големи неповратни средства за трансформација на производствениот процес кај некои од 25-те загубари, иако однапред се знаеше дека тие ќе бидат залудно потрошени средства. Притоа, за жал воопшто не беше консултиран релевантниот научен потенцијал во Републиката. Исто така средствата се определуваат врз основа на економски параметри, а не се земаат предвид и технолошко - развојните параметри. Затоа во иднина треба да се вложува само во сигурни капацитети кои што ќе произведуваат квалитетна и евтина стока конкурентна на светскиот пазар. Не се согласувам со констатацијата на г-динот Љубисав Иванов дека проблем е изнаоѓање на пазарот. За квалитетна и евтина стока секогаш сигурно се наоѓа пазар. Добро е што успеваме да ги репрограмираме долговите, меѓутоа сигурно во иднина треба да се изнајдат средства за враќање на дел од девизните штедни влогови на граѓаните, односно да се создаде една динамика на нивно целосно враќање. Стекнатата доверба сигурно дека ќе ги извади средствата од под перниците и ќе ги пренасочи таму каде што им е местото. Иако од страна на Владата беше најавена војна на митото и корупцијата, односно воопшто на криминалот, очигледно дека во иднина треба многу повеќе да се направи на ова поле, со зајакнување на инспекциските служби во ресорите каде што оваа појава е најповеќе

XV/2.-

изразена. Сигурно дека криминалот не може да се сузбива со бркање на децата дилери, односно со бркање на тие деца дилери со цигари по пазариштата, туку со бркање и изнаоѓање на нивните газди.

Да кажам нешто и со социјалната политика. За жал наместо подобрување социјалната положба на населението во Република Македонија се повеќе се влошува. Јасно е дека во вакви економски прилики во земјата не може многу повеќе и да се очекува. Посебно околу изнаоѓањето на нови изворни средства во постојниот буџет на Републиката. Меѓутоа, со еден многу поголем ангажман на ресорното министерство во соработка со хуманитарни институции, како во земјата така и од надвор можат да се најдат можности за подобрување на овие состојби. Во голема мера оваа состојба ја подобруваат и невладините организации кои што делуваат во Република Македонија. Меѓутоа, постои една тотална некоординираност на активностите на овие организации со Владата. Не мислам дека Владата треба да се меша во нивната работа. Меѓутоа, добро е Владата да има подобар увид за да не дојде до случајно фаворизирање или на одредени семејства или на одредени региони во Републиката. Исто така надлежните органи на ресорното министерство од време навреме треба да вршат одредени опсервации на некои од семејствата преку своите инспекциски служби за да се избегнат злоупотреби што за жал се и евидентни во многу подрачја. Сигурно дека многу повеќе треба да се работи и во сферата на образованието за подобрување на квалитетот на едукацијата на сите нивоа, намалување на хиперпродукцијата на кадри во одредени сегменти. Државата барем во оние универзитети кои сама ги финансира треба сама да ги определува квотите за упис и да не ја дозволува трговијата со додатни приватни квоти што за жал, и оваа година се предвидува на постојните државни универзитети.

XV/3.-

Исто така барем во наредниот период треба да се реши проблемот со високото образование за Албанците во Република Македонија. Пролонгирањето на решавањето на овој проблем сигурно ќе создаде катастрофални последици во едукацијата на Албанците на сите нивоа кои последици во својот развој сигурно ќе ги почувствува и Република Македонија.

На крајот очекувам од парламентарните групи на Либералната партија и ПДПА и НДП со оглед на нивната професионална структура голема конструктивност во нивната работа како опозиција, со што само може да се зголеми одговорноста и да се подобри работата на Владата.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитувани дами и господа, морам да признаам дека чувствувам посебно задоволство што најпосле и оваа парламентарна структура се здоби со плурален амбиент, со опозиција верувам конструктивна и посакувам конструктивно,иако некои дискутанти не ме убедија доволно во тоа. Против тоа сум овој политички бигор да се драматизира без основа дури до ниво на оспорување на легитимитетот на изборите, дури до ниво на основени проценти за идната безбедност на земјата. Ова сметам дека треба да се сфати сосема нормално со нормален чин. На секаде во светот имаме секојдневни склучувања и раскинување на разно- видни коалиции и тоа е сосема нормално во демократските процеси.

Сметам дека е време да се престане да се резонира со логиката дека при секакви крупни политички промени следува катаклизма, односно политичка катаклизма или апокалипса.

Длабоко сум убеден дека не е можно да се има плурален парламент во реална смисла, демократски парламент во реална смисла, конструктивен парламент во реална смисла без силна конструктивна и принципиелна позиција. Во таа смисла ја поддржувам оваа реконструкции на Владата. Верувам дека со овој чекор ќе имаме

XV/4.-

поодговорна и пофункционална влада, а тоа значи рефлексивно поодговорна и поодговорен и пофункционален парламент. Дури очекувам овој Парламент најпосле да почне да функционира како засебна власт во поглед на уставната определба за поделбата на власта на законодавна, извршна и судскаа. Ние мора да се согласиме дека до сега во корелацијата извршна власт и законодавна власт сме имале еден парадокс кој парадокс е тоа што извршната власт ефективно беше изнад законодавната власт, односно парламентот кого реално го претвори во верификационен орган. Без некоја намера да делам совети а помалку лекции ни за позицијата ни за опозицијата туку едноставно ќе го изнесам сопственото мислење и видување во врска со состојбите и обврските. Најпрвин очекувам и посакува од позицијата да биде помалку послушна а од опозицијата помалку непослушна. И двете повеќе креативни, конструктивни па и да кооперираат меѓу себе.

Второ, на оваа Влада ако сака да се придобие со епитет демократска влада мора да пристапиме кон перманентен дијалог за сите општествени прашања, за сите граѓански иницијативи, реалности и проблеми, за сите социјални проблеми, со сите еднички структури. Тоа не е само објективна и реална одговорност, туку историска одговорност како пред граѓаните, така и пред реалноста, така и пред историјата, така и пред состојбите. Треба да се престане со логиката на игнорирање и репресирање на иницијативите, барањата за реалноста. Колку ќе биде кооперативна оваа влада, колку ќе ги разбира потребите и проблемите, колку ќе биде одговорна и спремна да ги реши овие прашања и проблеми, јас мислам дека од тоа ќе зависи и поддршката како на внатрешен план така и на надворешен план.

Трето, верувам дека без оглед на позициите што ќе ги има понатаму опозиција и позиција после попуштањето на тензиите кои по-стојат, веројатно ќе постојат и понатаму, можеби помалку, верувам дека

би требало да се дојде до минимален консензус помеѓу сите структури во парламентот за главните и виталните прашања на државата, особено за реформите, демократизацијата, за меѓунационалните односи итн. Според мене голема грешка е ако во иднина комуникацијата помеѓу опозицијата и позицијата оди кон тоа, кон препукување врз национална база и сметам дека тоа би требало да биде доста штетно. Не би требало да се дозволи таков луксуз, бидејќи треба да бидеме свесни дека изнад борбата за власт, желбата да се придобие власта, секогаш постојат повитални цели. Сметам дека има други поважни работи на кои може да се придобијат политички поени, односно да се профитира со политички поени. Тие се прашањата кои се однесуваат за економијата, приватизацијата, правата на човекот, правната држава, ако сакате и политичката држава итн.

Сега ќе кажам за учеството на ПДП во власта. Прво да кажа дека не сум правобранител на ПДП, а не сум ни член, јас сум само член на пратеничката група и сметам дека едноставно е оправдано да го изнесам сопственото мислење и видување по ова прашање.

Прво, што се однесува до условно речено минатиот состав, иако тој состав се уште е презентен долго време во јавноста, односно албанската јавност во Македонија се експлоатираше една констатација дека министрите албанци не ги поставила Партијата за демократски просперитет, туку г-динот Црвенковски, г-динот Глигоров и дека тие се наводно само да прават само личен бизнис и дека тие се таму само марионети и дека се недопирливи и дека никој не може да ги смени, па дури ако и ПДП се повлече од власта. Сега од сето тоа може да се види дека ништо не е вистинито , дека единствени механизми за одлучување кои ќе бидат министри, кои ќе се повлече од таа функција се механизмите на партијата и ова не бара повеќе коментар туку мислам дека е толку кристално јасно за секого.

XV/6.-

Второ, перманентно се експлоатира тезата дека учеството на Албанците во извршната власт е штетно за позицијата на Албанците во Македонија и дека тоа учество ги амортизира, односно доамортизира албанското прашаше во Македонија. И наводно дека меѓународните институции со самиот факт што една албанска партија учествува во извршната власт смета дека албанското прашање е решено во Македонија. Јас мисла дека реалноста зборува нешто друго. Ако ги прочитаме внимателно последните извештаи на некои владини и невладини организации ќе се убедиме дека состојбата е поинаква. Тие извештаи напротив критично ги изнесуваат сите анализи и состојби во земјата и сугерираат забрзување на процесот на остварување на граѓанската рамноправност во сите области како во образованието, културата, јазикот итн. Нека се прочитаат тие извештаи посебно од генералниот секретар на ОН од Советот за безбедност, Комисијата за правата на човекот при 00Н и тие мора да се согласиме дека тие институции, односно нивните работници имаат стил на метод и работа. Нив не ги интересираат приказните туку фактографиите нив не ги интересира формите, туку содржината и реалноста.

Трето, од сето ова што го кажав произлегува дека учеството на ПДП во власта е од принципиелни причини и од политичкото убедување Во политиката е оправдана и ваква ситуација. Од двете алтернативи 100 причини за учество на власта и 101 причина за неучество во власта Логично дека определбата е на место, уште повеќе кога билансот е многу попозитивен. И на крајот да кажам дека е најлесно да се биде опозиција, бидејќи опозицијата има единствена должност да ги лови туѓите грешки и да не сноси никаква одговорност за сите состојби во сите области. Туку е најтешко да се преземе одговорноста по некогаш лесно се пожртвува од рејтингот за поважни и поголеми цели.

XV/7.-

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, во земјите со подолга парламентарна демократија реконструкцијата на Владата и прегрупирање на политичките партии која ја сочинуваат истата претставува вообичаена работа и не "предизвикува никакви поголеми потреси во земјата. Од оваа говорница беше спомната Италија која има најчест; промени и на Владата и на мандаторот. На актуелните мандатор ова му е трета влада што тој ја составува. Во предлогот за состав на новата влада нема министри од партиите кои учествуваа во изборната коалиции Сојуз за Македонија . Се поставува прашање дали до ова мораше да дојде и кои беа причините за тоа. Одговорот на ова прашање се дава на оваа седница кога сите ги изнесуваме своите аргументи . На јавност добро и е познат ставот на мојата партија кој беше публикуван во средствата за информирање. Овде уште еднаш сакав да потенцирам дека ние како Социјалистичка партија со ништо не придонесовме за растурање на оваа изборна коалиција. Како што веќе еднаш рече мојот колега свест за состојбата во која што би можело да се најде државата ние решивме повторно да партиципираме во составот на новата Влада. Затоа секое посочување на Социјалистичката партија во друг контекст го сметам за неумесно. Вака составена влада очекувам да биде сега политички многу поодговорна и поефикасна.

Со новиот распоред на политичките сили, очекувам да исчезне и доминантниот однос на владата кон Парламентот кој во изминатите 14 месеци беше очигледен. Прегрупирањето на политичките партии се претставува како напуштање на изборната платформа на Сојузот. Премиерот во своето експозе го прочита главниот дел од таа платформа, ја само би потсетил на уводниот дел на платформата во која ветивме дека ќе го вратиме достоинството на Собранието што од досегашната работа е очигледно, а не гледам причини тоа да не биде и во иднината.

Ветивме сигурна и стабилна влада, а со оглед на бројот на пратениците што ќе ја поддржуваат и новата влада нема сомнение дека таа и во наредниот период ќе биде стабилна.

Со задоволство ја примив информацијата дека Либералната партија и понатаму го поддржува претседателот Глигоров, што индиректно значи дека и таа останува на основните контури на платформата. Сега дали со оваа реконструкција ќе ја загубиме довербата кај избирачите. Според мое мислење, довербата ќе зависи дали ние на чело со новата влада ќе успееме да го запреме падот на производството и ќе го обезбедиме долгоочекуваниот најавен пораз. Дали ќе го подобриме животниот стандард на граѓаните, дали ќе обезбедиме повторно обезбедување на стечајните работници и прво вработување на армијата млади образовани луѓе. Дали на пензионерите ќе им исплатиме барем една од двете заостанати пензии. Дали оние што работат а со месеци не примаат плата ќе започнат редовно да ги примаат истите. Сето тоа ќе биде остварено ако ние создадеме услови за заживување на стопанството. Тоа е најтешка и најодговорна работа што ја очекува новата влада. Ако оваа задача успешно ја решиме, убеден сум дека нема да ја загубиме довербата кај граѓаните.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господине претседателе, господине претседател на Влада, почитувани колеги, добро е тоа што имаме режисери во Парламентот, тука е господинот кандидат Унковски кој се бави со живи личности и со актери а имаме и човек кој се бави со кукли. Морам да кажам на почетокот дека ме изненади односот на господинот Чадиковски, кој не нарече дволични а јас мислам дека не сум дволичен, мислам дека и тој не е дволичен. Мислам дека сите ние би требало да се почитуваме еден со друг. Мислам дека тоа е за сите нас најдобро и од тоа можеме да бидеме само поголеми.

Сега до вас господине претседателе Црвенковски се обраќам и вие во овој момент правите големи измени во Владата. Анализата покажува дека коренито ја менувате Владата при што во потполност разрешувате девет министри, прераспоредувате од еден до друг ресор пет министри, а исто така нови членови на Влада внесувате девет министри: Во вашата предлог листа заменици на министри, промените се уште подлабоки и поуспешни. За сите овие промени сметам дека сте должни пред ова Собрание да дадете и поединечни образложенија зошто поедини министри одат од Владата, односно се разрешуваат, додека другите се прераспоредуваат од еден во друг ресор. Морам да напоменам дека многу е важна и вашата прецизна оценка од придонесот што го очекувате во поодделни ресори на новопредложените членови во Владата на Република Македонија. За оние кои досега ја обавуваа својата должност, образложението треба да ги содржи следните елементи: оценка за успешноста, односно неуспешноста при вршењето на својата функција, како и причината за нивното сменување, односно прераспоредување. Од

личностите во вашите листи за нови членови на Владата и замениците неоспорен е фактот дека некои од нив посегнале по темелните вредности на оваа држава. Бидејќи вашето експозе не ги содржеше овие анализи, Собранието, односно пратениците се доведени во состојба да гласаат за вашите предлог листи а да немаат податоци и убедување зошто го направиле тоа. Во тој контекст како пример би го истакнал разрешувањето на министерот за образование, кој покрај краткиот мандат што го имаше, успеа заедно со своите соработници да ги подготви, а Собранието ги усвои законите за основното образование, за средното образование, Законот за спортот, а додека Законот за високото образование е во подготовка. Во случајот вие без образложение менувате министер за кого досега немавте некои посебни забелешки, со министер кој повеќе пати го ротирате како експерт во сите ресори, со што ја девалвирате функцијата министер, а од друга страна и самата личност. Тоа го правите и со министерот за внатрешни работи кој сега, сигурно ќе ме разберете го програмирате за министер кој ќе ја води нашата надворешна политика. На нашите институции од сферата на културата, на сите творци од оваа област им е потребна ургентна поддршка како би опстанале. Праксата покажа дека за културата се имаше крајно потценувачки однос од страна на Владата. Овдека мислам на сите ресори кои се должни да ја следат културата, за што сведочат и ужасно неповолните состојби и огорченоста поради тоа, не само меѓу вработените во институциите, туку и меѓу широкиот аудиториум, на почитувачите на културата и уметноста. Конечно за министер за култура е предложен човек од занает, што би се рекло, кој треба да го расчисти овој хаос што зад себе го остави министерот.

На крајот господине претседателе сакам да потенцирам дека и покрај тоа што во моето излагање ви се обраќам вам лично се залагам и

предлагам на Парламентот во иднина кога се избира Влада или кога се разрешуваат поедини министри, образложенијата и поединечните оценки за секој мора да бидат составен дел на предлогот на премиерот. Бидејќи, министрите покрај другото, се и луѓе и личности а не бројки, и од таа позиција јас го поддржувам овој дел од моето обраќање.

На крајот нема да бидам дволичен, како што реков на поче- токот, ќе ви кажам дека нема да ве поддржам, нема да ја дигнам својата рака за новата Влада, меѓутоа ќе ви кажам среќно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега ќе прекинеме со седницата, а ќе продолжиме утре во 10 часот. Има пријавено уште 14 дискутанти.

(Седницата прекина со својата работа во 17,10 часот).

Писмено приложена дискусија согласно член 155 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ**

Моето излагање е единствено надоврзување на експозето на премиерот на Владата.

Се воочува пренагласеноста на позитивноста на работењето на Владата, а многу скромно или само таксативно се посочени некои неуспешности во нејзиното работење.

Меѓутоа нормално е премиерот да ги потенцира елементите од неговото работење, но самиот факт што предлага скоро цел нов состав на Владата не убедува дека се постигнати толку добри резултати, односно не би се сложил дека во сегашниот миг земјата не се соочува со исклучително тешки проблеми.

Кога ова го кажувам не можам да не помислам на бројката од 220 илјади невработени која е толкав баласт што ни најмалку неупатениот граѓанин не му влева сигурност и перспективност во развојот на нашата земја.

Исто така, повеќегодишниот пад на индустриското производство, а со тоа и на општествениот производ е сериозен проблем со кој што Владата не успеа да се справи. Дури ваквата тенденција продолжува и оваа година.

Неколкуте елементи што ги потенцирав се јасен сигнал со каква тешкотија ќе се соочи и овој состав на понудената Влада, што лично мислам резултатите од претходниот состав каде имаше министри што се предложени и во овој состав на Владата, не ќе можат да направат сериозна нагла пресвртница.

Мислам дека понудениот состав на Владата, согледувајќи ги досегашните пропусти ќе мора да понуди порадикални решенија, оти во

2.-

спротивност ќе се соочиме со исклучително тешки проблеми поготово во социјално-економската сфера. Тука мора да се има предвид и новата констелација на политичките односи од овој дом која премиерот ја предодреди, Либералната партија се издигне на пиедестал на опозиција што како форма и функција ќе биде нов квалитет, кој квалитет на адекватен начин и форма, која за жал досега не сме ја имале, користејќи ги искуствата на други постари парламентарни демократии, ќе биде оној спомнат што ќе биде нов стимул во државата.

Новата функција на Либералната партија треба премиерот сериозно да ја сфати зашто Либералната партија ќе биде главниот коректор на сите активности кои ќе бидат превземени од страна на претседателот на Владата на Република Македонија.

Се надевам дека во стварност сега се издвои носечкиот интерес на државата. Функционирањето на новиот систем оставам времето да каже дали е овој правиот пат или не. Само да потсетам, нема пратеник кој во предизборните активности не се залагаше на градба на пат нагоре кон Европа. Куриозитет е што за нас најблискиот пат кон Европа е наназад (географски гледано), а тоа е нашиот јужен сосед Грција, која е членка на Европската Заедница, чии при- добивки допрва ќе ги осетиме. Градејќи нови односи сепак треба да се свртите назад макар и за последен пат и да видиме што се остава, можеби тоа е онаа материја со која се гради правиот пат.